Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011 и 15/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНА СТВАР ОБЈЕКТ НА ДЕТСКО ОДМОРАЛИШТЕ „ЃУРИШТЕ“ СВЕТИ НИКОЛЕ**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за продажба на недвижна ствар објект на детско одморалиште „Ѓуриште“ Свети Николе („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/13).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6310/1
21 август 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**4017.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011 и 15/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНА СТВАР-ОБЈЕКТ НА ДЕТСКО ОДМОРАЛИШТЕ „СУВИ ЛАКИ“ СТРУМИЦА**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за продажба на недвижна ствар-објект на детско одморалиште „Суви Лаки“ Струмица („Службен весник на Република Македонија бр. 107/13).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6312/1
21 август 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**4018.**

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013 и 163/2013) и член 17 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРСКА ВОДА ЗА ФЛАШИРАЊЕ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ ПОТРЕБИ**

Член 1

Концесијата за користење на изворска вода за флаширање за комерцијални потреби на локалитет Алдинци општина Студеничани се доделува заради создавање на услови за експлоатација на подземните води, производство на негазирана, газирана и ароматизирана вода и ревитализација на руралeн и полунапуштен крај.

Со оглед на фактот дека правото за користење на подземната вода за флаширање за комерцијални потреби се стекнува со доделување на концесија, како единствен начин за вршење на оваа дејност е доделување на концесија за користење на подземна вода за флаширање определена со оваа одлука.

Член 2

Основни цели за доделување на концесија за користење на подземна вода за флаширање за комерцијални потреби е користење на водата како општо добро за производство на пакувана вода за пиење и создавање на услови за локален економски развој.

Член 3

Предмет на концесијата е користење на изворски води (Извор 1 и 2) за флаширање за комерцијални потреби на локалитетот Алдинци, општина Студеничани, на концесиски простор обележан со координати:

Извор 1 P=2.857 m2

| Т | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7537 290 | 4626914 |
| 2 | 7537355 | 4626912 |
| 3 | 7537355 | 4626869 |
| 4 | 7537290 | 4626869 |

Извор 2 P=4.900m2

| Т | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7536919 | 4627053 |
| 2 | 7537024 | 4627044 |
| 3 | 7536919 | 4627004 |
| 4 | 7536916 | 4627004 |

Концесијата за користење на изворска вода за флаширање ќе се додели на понудувачите што ќе успеат да ги задоволат условите содржани во тендерската документација и јавниот повик.

Член 4

Постапката за доделување на концесијата за користење на изворска вода за флаширање за комерцијални потреби ќе биде спроведена во рок од 90 дена од денот на формирање на Комисијата за спроведување на постапката.

Заради спроведување на постапката за доделување на концесии за користење на изворска вода за флаширање за комерцијални потреби, Владата на Република Македонија на предлог на министерот за животна средина и просторно планирање формира Комисија за спроведување на постапката во рок од 10 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Комисијата од став 2 од овој член ги подготвува тендерската документација, јавниот повик вклучувајќи го и нацртот на договорот, а на предлог на министерот за животна средина и просторно планирање тендерската документација се доставува на одобрување до Владата на Република Македонија.

По одобрување на тендерската документација за доделување на концесијата за користење на изворска вода за флаширање за комерцијални потреби, Комисијата од став 2 на овој член во рок од пет дена ќе го објави јавниот повик согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Член 5

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација ќе изнесува 3.000,00 денари.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6360/1
21 август 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**4019.**

Врз основа на член 15 став (5) и член 71 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/2011, 53/2011, 144/2012, 25/2013, 137/2013 и 163/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ДАВАЊЕ ПОД ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА НА ЕВН ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште и за склучување договор за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, со непосредна спогодба на правното лице ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје, со седиште во Скопје, ул. „11 Септември“ бр. 9, на градежното земјиште евидентирано во Имотен лист бр.55352 согласно изменувањето и дополнувањето на Деталниот урбанистички план „Стара железничка станица“, за Општина Центар за изградба на електроенергетски објект-трафостаница, кое претставува:

- дел од КП бр. 114/9 КО Центар 2 со површина од 74м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6366/1
21 август 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**4020.**

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија бр. 135/2007, 18/2011, 148/2011, 95/2012, 79/2013, 87/2013, 106/2013, 164/2013, и 39/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТЕН ПРАВЕЦ А1 ГРАДСКО-ПРИЛЕП ДЕЛНИЦА ОД СПОЈ СО ПАТ ЗА С.БЕЛОВОДИЦА ДО МОСТ ДО КАМЕНОЛОМ МАВРОВО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на патен правец А1 Градско-Прилеп делница од спој со пат за с.Беловодица до мост до Каменолом Маврово.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 29371м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| дел 46 | Беловодица | Полана | пасиште | 5 |
| дел 1 | Беловодица | Полане | пасиште | 7 |
| дел 30 | Беловодица | Поланје | пасиште | 6 |
| дел 364 | Беловодица | Шумариште | нива | 6 |
| дел 362 | Беловодица | Шумариште | пасиште | 6 |
| дел 356 | Беловодица | Шумариште | нива | 6 |
| дел 355 | Беловодица | Шумариште | нива | 6 |
| дел 354 | Беловодица | Шумариште | нива | 6 |
| дел 352 | Беловодица | Шумариште | нива | 6 |
| дел 351 | Беловодица | Шумариште | пасиште | 6 |
| дел 350 | Беловодица | Шумариште | нива | 6 |
| дел 349 | Беловодица | Шумариште | пасиште | 6 |
| дел 347 | Беловодица | Шумариште | пасиште | 7 |
| дел 161 | Беловодица | Шумариште | пасиште | 6 |
| дел 160 | Беловодица | Шумариште | нива | 7 |
| дел 159 | Беловодица | Шумариште | пасиште | 7 |
| дел 113 | Беловодица | Полане | пасиште | 7 |
| дел 76 | Беловодица | Полане | пасиште | 7 |
| дел 75 | Беловодица | Полане | нива | 7 |
| дел 95 | Беловодица | Полане | нива | 7 |
| дел 1479 | Тројаци | Зли Дол | пасиште | 7 |
| дел 1379 | Тројаци | Сладун | нива | 7 |
| дел1378 | Тројаци | Сладун | нива | 7 |
| дел 1383 | Тројаци | Зли Дол | пасиште | 6 |
| дел 1385 | Тројаци | Зли Дол | пасиште | 6 |
| дел 1482 | Тројаци | Клошне | пасиште | 7 |
| дел 270 | Тројаци | Сладуњ | нива | 6 |
| дел 271 | Тројаци | Сладун | нива | 6 |
| дел 272 | Тројаци | Сладуњ | пасиште | 6 |
| дел 279 | Тројаци | Сладун | нива | 6 |
| дел 281 | Тројаци | Сладуне | нива | 6 |
| дел 282 | Тројаци | Сладуњ | нива | 5 |
| дел 284 | Тројаци | Сладун | нива | 5 |
| дел 285 | Тројаци | Сладун | нива | 6 |
| дел 287 | Тројаци | Сладуњ | пасиште | 6 |
| дел 292 | Тројаци | Сладуњ | нива | 5 |
| дел 293 | Тројаци | Сладуњ | нива | 5 |
| дел 294 | Тројаци | Сладуњ | нива | 5 |
| дел 295 | Тројаци | Сладуњ | нива | 5 |
| дел 296/1 | Тројаци | Сладуњ | нива | 6 |
| дел 528 | Тројаци | Сосковица | пасиште | 6 |
| дел 529 | Тројаци | Сладуњ | нива | 5 |
| дел 297/2 | Тројаци | Ограѓе | нива | 6 |
| дел 464 | Тројаци | Оградже | пасиште | 6 |
| дел 461 | Тројаци | Оградже | нива | 6 |
| дел 460 | Тројаци | Ограѓе | нива | 6 |
| дел 459 | Тројаци | Ограге | нива | 6 |
| дел 458 | Тројаци | Оградже | пасиште | 7 |
| дел 456 | Тројаци | Огаѓе | нива | 6 |
| дел 454 | Тројаци | Ограде | пасиште | 7 |
| дел 455 | Тројаци | Ограде | нива | 6 |
| дел 451 | Тројаци | Ограге | нива | 7 |
| дел 450 | Тројаци | Ограѓе | пасиште | 6 |
| **Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:** | | | | **402600м$^2$** |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6369/1
21 август 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**4021.**

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр. 135/2007, 18/2011, 148/2011, 95/2012, 79/2013, 87/2013, 106/2013, 164/2013 и 39/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТЕН ПРАВЕЦ А1 ПРИЛЕП–ГРАДСКО ДЕЛНИЦА: ОД ИЗЛЕЗ ОД ПРИЛЕП (БЕНЗИНСКА СТАНИЦА ЛУКОИЛ) ДО МОСТ НА Р.ЛЕНИШКА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на патен правец А1 Прилеп–Градско делница: од излез од Прилеп (бензинска станица Лукоил) до мост на р.Ленишка.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 51094м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| дел 150/2 | Леништа | Бара | пасиште | 4 |
| дел 148/1 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 148/2 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 148/3 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 147/2 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 147/1 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 147/3 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 146 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 145 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 144 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 143 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 142 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 140/2 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 139/2 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 135/2 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 133 | Леништа | Бара | нива | 5 |
| дел 131/2 | Леништа | Бара | нива | 5 |
| 130 | Леништа | Бара | нива | 5 |
| 129 | Леништа | Бара | нива | 5 |
| 128 | Леништа | Бара | нива | 5 |
| 127 | Леништа | Бара | нива | 5 |
| 126/2 | Леништа | Бара | нива | 5 |
| дел 108 | Леништа | Бара | пасиште | 5 |
| дел 75 | Леништа | Сечена глав | пасиште | 5 |
| дел 59 | Леништа | Сечена глав | нива | 4 |
| дел 55 | Леништа | Сечена глав | пасиште | 6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| дел 478 | Леништа | Водечка | нива | 6 |
| дел 477 | Леништа | Водечка | нива | 6 |
| дел 110 | Леништа | Бара | пасиште | 5 |
| дел 112/1 | Леништа | Бара | нива | 5 |
| дел 112/2 | Леништа | Бара | нива | 5 |
| дел 114 | Леништа | Бара | нива | 5 |
| дел 115 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 116 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 117 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 118 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 4/1 | Леништа | Сечена глав | пасиште | 4 |
| дел 141/1 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| дел 134/2 | Леништа | Бара | нива | 4 |
| 476/1 | Леништа | Водечки пут | пасиште | 6 |
| дел 1560 | Прилеп | Шаторов камен | пасиште | 3 |
| дел 1559 | Прилеп | Шаторов камен | нива | 4 |
| дел 1556 | Прилеп | Шаторов камен | нива | 4 |
| дел 1523 | Прилеп | Мерите | нива | 4 |
| дел 1524 | Прилеп | Мерите | нива | 4 |
| дел 1525 | Прилеп | Мерите | нива | 4 |
| дел 1526 | Прилеп | Мерите | нива | 4 |
| дел 1527 | Прилеп | Мерите | нива | 4 |
| дел 1530 | Прилеп | Мерите | нива | 4 |
| дел 1532 | Прилеп | Мерите | нива | 4 |
| 1533 | Прилеп | Мерите | нива | 4 |
| дел 1535 | Прилеп | Мерите | нива | 4 |
| дел 1538 | Прилеп | Мерите | нива | 5 |
| 1540 | Прилеп | Мерите | нива | 5 |
| дел 1541 | Прилеп | Мерите | нива | 5 |
| дел 471 | Прилеп | Мерите | нива | 5 |
| дел 473 | Прилеп | Мерите | нива | 5 |
| дел 475 | Прилеп | Мерите | нива | 5 |
| дел 476 | Прилеп | Мерите | нива | 3 |
| дел 477 | Прилеп | Мерите | нива | 3 |
| дел 432 | Прилеп | Мерите | нива | 3 |
| дел 431 | Прилеп | Мерите | нива | 3 |
| дел 8507/2 | Прилеп | Шаторов камен | нива | 3 |
| дел 1165 | Прилеп | М.пијаде | нива | 4 |
| дел 1164 | Прилеп | Поводеници | нива | 4 |
| дел 1158 | Прилеп | Поводеници | нива | 4 |
| дел 1157 | Прилеп | Поводеници | нива | 4 |
| дел 1156 | Прилеп | Поводеници | нива | 4 |
| дел 1155/1 | Прилеп | Поводеници | нива | 4 |
| дел 1149/2 | Прилеп | Поводеници | нива | 4 |
| дел 1149/1 | Прилеп | Поводеници | нива | 4 |
| дел 1146 | Прилеп | Поводеници | нива | 4 |
| **Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:** | | | | **444100м$^2$** |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6370/1
21 август 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**4022.**

Врз основа на член 282, член 383 став (1) точка 6) и 7), член 421 и член 427 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014 и 41/2014) и член 7 став (1), член 9 став (2) и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Владата на Република Македонија во својство на Собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ СКОПЈЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СО ВЛОГОВИ ПРЕКУ ИЗДАВАЊЕ НА НОВИ АКЦИИ ОД ЧЕТВРТА ЕМИСИЈА ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА**

**Фирма и седиште на издавачот**

Член 1

Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, ЕМБС 6664903, Ул. „Максим Горки“ бр.11/1-3 Скопје, (во понатамошен текст: Друштвото), ја зголемува основната главнина со влогови преку издавање нови акции од четврта емисија, по пат на приватна понуда.

**Предмет на регулирање**

Член 2

Друштвото ја зголемува основната главнина со влогови преку издавање на нови 486 обични акции од четврта емисија, по пат на приватна понуда, во согласност со Законот за трговските друштва, Законот за хартии од вредност и подзаконските прописи.

**Начин на издавање на хартиите од вредност**

Член 3

Зголемувањето на основната главнина се врши со парични влогови преку издавање нови акции од четврта емисија, по пат на приватна понуда, за познати купувачи.

**Целта поради која се издаваат хартиите од вредност**

Член 4

Друштвото издава хартии од вредност заради зголемување на основната главнина на Друштвото, односно заради создавање услови за непречено функционирање.

**Број, род и класа на хартиите од вредност кои се издаваат**

Член 5

Друштвото издава 486 обични акции.

**Номинална вредност на хартиите од вредност**

Член 6

Номиналната вредност на една обична акција е 100 ЕВРА, односно номиналната вредност на сите нови издадени обични акции изнесува 48.600 ЕВРА, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија објавен на денот пред денот на донесување на одлуката за зголемување на основната главнина.

**Продажна цена на хартиите од вредност**

Член 7

Продажната цена на хартиите од вредност кои се емитираат е во висина од 100 ЕВРА по една акција, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија објавен на денот пред денот на донесување на одлуката за зголемување на основната главнина.

**Вкупна вредност на емисијата**

Член 8

Друштвото издава обични акции во вкупна вредност од 48.600 ЕВРА, во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на Република Македонија објавен на денот пред денот на донесување на одлуката за зголемување на основната главнина.

**Права кои произлегуваат од обичните акции**

Член 9

Имателите на обичните акции имаат право на глас на тој начин што секоја обична акција обезбедува право на еден глас во Собранието на Друштвото.

Покрај правото од став 1 на овој член, обичните акции ги даваат следниве права:

- право на исплата на дел од добивката – дивидендата;
- право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата односно стечајната маса на Друштвото;
- други права во согласност со Законот и Статутот на Друштвото.

**Начин на исплата на дивиденда**

Член 10

Новите издадени акции од зголемената основна главнина учествуваат во распределбата на добивката во годината во која е извршено зголемувањето на основната главнина, сметано на номиналната вредност на акциите.

**Начин, време и место на запишување на хартии од вредност**

Член 11

Новоиздадените хартии од вредност се запишуваат во рок од 15 дена од конечноста на решението за давање одобрение за издавањето на хартиите од вредност од Комисијата за хартии од вредност.

По реализација на четвртата емисија за зголемување на основната главнина се поднесува пријава за упис во Централниот регистар на Република Македонија, во рок од 8 дена од денот на зголемувањето на основната главнина.

Новоиздадените акции се евидентираат во дематеријализирана форма во Централниот Депозитар за хартии од вредност во рок од 3 (три) работни дена по уписот во трговскиот регистар.

**Начин и краен рок на уплата на хартиите од вредност**

Член 12

Хартиите од вредност кои се предмет на приватната понуда се уплатуваат во рок од 15 календарски дена од конечноста на решението на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на сметката на Друштвото.

**Начин на објавување на издавањето на хартиите од вредност**

Член 13

Друштвото ја известува јавноста за четвртата емисија на хартии од вредност првиот ден по конечноста на решението за давање одобрение за издавањето на хартиите од вредност од Комисијата за хартии од вредност, со објавување на соопштение на македонски јазик во еден дневен весник што излегува на територијата на Република Македонија.

Друштвото ја известува Комисијата за хартии од вредност, како и јавноста, за запишаните и платени хартии од вредност, односно за процентот на реализација на емисијата, најдоцна во рок од 5 работни дена од завршување на приватната понуда. Известувањето во пропишана форма се поднесува до Комисијата за хартии од вредност и се објавува во еден дневен весник што излегува на територија на Република Македонија.

Друштвото ја известува Комисијата за хартии од вредност за уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар и за регистрација на новоиздадените акции во депозитарот за хартии од вредност, најдоцна во рок од 5 работни дена по уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Постапка за распределба на хартиите од вредност помеѓу одделните купувачи во случај на приватна понуда**

Член 14

Новоиздадените хартии од вредност се наменети за запишување и уплаќање на хартии од вредност од еден познат купувач – институционален инвеститор, кој воедно е и постоечки акционер во Друштвото.

**Идентитет на познати купувачи при приватна понуда**

Член 15

Новоиздадените хартии од вредност се наменети за запишување и уплата од страна на Влада на Република Македонија со седиште во Скопје на ул. „Булевар Илинден" бр.2, со ЕМБС 4064674.

Висината на паричниот влог изнесува 48.600 ЕВРА.

По уплатата и запишувањето на новоиздадените хартии од вредност, Владата на Република Македонија се стекнува со 486 обични акции.

**Останати одредби**

Член 16

Се задолжува извршниот директор на Друштвото да ја извести јавноста за четвртата емисија на хартии од вредност со објавување на соопштение во еден дневен весник што излегува на територија на Република Македонија.

Се задолжува извршниот директор на Друштвото да ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста за реализацијата на хартиите од вредност, да изврши упис на емисијата во Централниот регистар на Република Македонија, упис на новоиздадените акции во Централниот депозитарот за хартии од вредност, како и да ја извести Комисијата за хартии од вредност за уписите, во законски предвидените рокови за секое поединечно дејствие.

Член 17

Оваа одлука има карактер на Одлука за измена на Статутот на Друштвото.

Со оваа одлука се овластува Одборот на директори на Друштвото по завршување на емисијата да изготви Пречистен текст на Статутот на Друштвото, во кој ќе се изврши усогласување на одредбите кои ја уредуваат основната главнина и бројот на акциите.

Член 18

Се овластува Одборот на директори на Друштвото при евентуално барање од Комисијата за хартии од вредност да врши измена и дополнување на оваа Одлука доколку се укаже потреба за тоа, без право на промени во висината и условите на емисијата.

Член 19

За се што не е уредено со оваа одлука важат одредбите од Законот за хартии од вредност, Законот за трговските друштва и подзаконските прописи од Комисија за хартии од вредност.

Член 20

Рокот за спроведување на оваа одлука е 1 (една) година сметано од денот на нејзиното влегување во сила.

Член 21

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 42-6426/1<br>21 август 2014 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески**, с.р. |

---

**4023.**

Врз основа на член 91 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2005, 15/2007, 35/2011, 166/2012, 137/2013, 188/2013 и 27/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЈАВНАТА КНИГА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ**

Член 1

Се запишува право на сопственост на недвижната ствар - објект во корист на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите која се наоѓа на КП број 892 за КО Јурумлери и тоа:

- зграда број 1, намена на зградата и друг објект Б4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 155м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 42-6467/1<br>21 август 2014 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески**, с.р. |

**4024.**

Врз основа на член 91 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005, 15/2007, 35/2011, 166/2012, 137/2013, 188/2013 и 27/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЈАВНАТА КНИГА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ**

Член 1

Се запишува право на сопственост на недвижните ствари - објекти во корист на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите кои се наоѓаат на КП број 522 за КО Идризово и тоа:

- зграда број 6, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 2, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 414м2;
- зграда број 6, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 2, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ПП, со внатрешна површина од 4м2;
- зграда број 6, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 3, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 61м2;
- зграда број 6, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 3, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ПП, со внатрешна површина од 4м2;
- зграда број 16, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 36м2;
- зграда број 16, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 2, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 35м2;
- зграда број 17, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 34м2;
- зграда број 17, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 2, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 36м2;
- зграда број 18, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 108м2;
- зграда број 18, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ПП, со внатрешна површина од 1м2;
- зграда број 19, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 62м2;
- зграда број 20, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 63м2;
- зграда број 21, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 249м2;
- зграда број 21, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 1, кат ГЛ, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 61м2;
- зграда број 21, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 2, кат ПР, намена на посебен дел од зграда Л, со внатрешна површина од 95м2;
- зграда број 22, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 73м2;
- зграда број 23, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 36м2;
- зграда број 23, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 2, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 29м2;
- зграда број 23, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 3, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 44м2;
- зграда број 24, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДПД, со внатрешна површина од 12м2;
- зграда број 25, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 1, кат СУТ, намена на посебен дел од зграда ДПД, со внатрешна површина од 5м2;
- зграда број 25, намена на зградата и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДПД, со внатрешна површина од 19м2;
- објект број 26, намена на зграда и друг објект В4-1, намена на посебен дел од зграда Т, со отворена површина од 11.098м2;
- објект број 27, намена на зграда и друг објект В4-1, намена на посебен дел од зграда Т, со отворена површина од 946м2;
- објект број 28, намена на зграда и друг објект В4-1, намена на посебен дел од зграда Т, со отворена површина од 3.691м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6467/2
21 август 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**4025.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11 и 15/13), а во врска со член 10 и 11 од Законот за Македонска банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Македонија“ бр.105/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА РЕПЛАСИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД КОМПЕНЗАЦИОНИТЕ ФОНДОВИ ОД СТРАНСКА ПОМОШ**

Член 1

Во одлуката за условите и критериумите за репласирање на средствата од Компензационите фондови од странска помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.76/12, 91/12, 5/13, 120/13 и 23/14) во член 8а, став 1, бројот „90“ се менува со бројот „180“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6471/1
21 август 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**4026.**

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/2007, 18/2011, 148/2011, 95/2012, 79/2013, 87/2013, 106/2013, 164/2013 и 39/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ КО НОВАЧАНИ И КО БАШИНО СЕЛО-ВОН Г.Р. ОПШТИНА ВЕЛЕС

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти за домување и времено сместување КО Новачани и КО Башино село-вон г.р., општина Велес.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 43838м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| дел 493/1 | Новачани | Бресјата | нива | 5 |
| дел 628 | Новачани | Рупа Село | пасиште | 5 |
| дел 18/1 | Башино село-вон г.р. | Бела Вода | интензивно лозје | 2 |
| дел 788/1 | Башино село-вон г.р. | Бела Вода | лозје | 2 |
| дел 20/1 | Башино село-вон г.р. | Бела Вода | нива | 4 |
| **Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:** | | | | **44700м$^2$** |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6504/1
21 август 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**4027.**

Врз основа на член 17-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012, 137/2013, 188/2013 и 27/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА КАРБИНЦИ

Член 1

Со оваа одлука на Општина Карбинци се пренесуваат во сопственост без надомест недвижни ствари со вкупна површина од 2.000 м2, кои се запишани во:

1) Имотен лист бр.736 за КО Крупиште, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- недвижна ствар на КП бр. 272 во Ванчо Прќе, зграда 1, влез 1, приземје, СТ, со површина од 58 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 272 во Ванчо Прќе, зграда 1, влез 3, сутерен, П, со површина од 25 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 272 во Ванчо Прќе, зграда 2, влез 2,приземје, СТ, со површина од 58 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 272 во Ванчо Прќе, зграда 2, влез 4, сутерен П, со површина од 25 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 272 во Ванчо Прќе, зграда 3, влез 1, приземје, СТ, со површина од 58 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 272, во Ванчо Прќе, зграда 3, влез 2, приземје, СТ, со површина од 58 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 272, во Ванчо Прќе, зграда 3, влез 3, сутерен, со површина од 25 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 272, во Ванчо Прќе, зграда 3, влез 4, сутерен со површина од 25 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 272 во Ванчо Прќе, зграда 4, влез 1, приземје, СТ, со површина од 48 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 272 во Ванчо Прќе, зграда 5, влез 1, приземје, СТ, со површина од 48 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 272 во Ванчо Прќе, зграда 5, влез 2, приземје, СТ, со површина од 48 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 272 во Ванчо Прќе, зграда 6, влез 1, приземје, СТ со површина од 48 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 272 во Ванчо Прќе, зграда 6, влез 2, приземје, СТ, со површина од 48 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 272 во Ванчо Прќе, зграда 7, влез 1, приземје, СТ, со површина од 48 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 272 во Ванчо Прќе, зграда 7, влез 2, приземје, СТ, со површина од 48 м2.

2) Имотен лист бр.736 за КО Крупиште, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- недвижна ствар на КП бр. 2193 во Крупиште, зграда 1 влез 1, приземје, СТ, со површина од 44 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 2193 во Крупиште, зграда 1, влез 2, приземје, СТ, со површина од 44 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 2193 во Крупиште, зграда 1, влез 3, К 1, бр. 1, СТ, со површина од 40 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 2193 во Крупиште. зграда 1. влез 7, приземје 1, П, со површина од 12 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 2193 во Крупиште зграда 1 влез 8. приземје 1, П, со површина од 12 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 2193 во Крупиште, зграда 1, влез 3, кат 1, со површина од 3 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 2193 во Крупиште, зграда 1, влез 4, кат 1, со површина од 40 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 2193 во Крупиште. зграда 1. влез 4, кат 1. со површина од 3 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 2193 во Крупиште, зграда 1, влез 5, кат 1, со површина од 3 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 2193 во Крупиште. зграда 1, влез 5, кат 1, со површина од 40 м2
- недвижна ствар на КП бр. 2193 во Крупиште, зграда 1, влез 6. приземје, со површина од 12 м2.

3) Имотен лист бр.10795 за КО Таринци, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- недвижна ствар на КП бр. 527/22 во Нов Караорман, зграда 2, влез 1, приземје 1-А СТ со површина од 41 м2;
- недвижна ствар на КП бр. 527/22 во Нов Караорман, зграда 2, влез 1, приземје 1-Б СТ со површина од 49 м2.

4) Имотен лист бр.10415 за КО Таринци сопственост на Република Македонија, и тоа:

- недвижна ствар - стан на КП бр. 527/5 во Нов Караорман. зграда 1, влез 1, приземје бр.1 со површина од 55 м2;
- недвижна ствар - стан на КП бр. 527/8 во Нов Караорман, зграда 1, влез 1, приземје бр.1 со површина од 61 м2;
- недвижна ствар - стан на КП бр. 527/11 во Нов Караорман, зграда 1, влез 1. приземје бр.1, со површина од 52 м2;

- недвижна ствар - стан на КП бр. 527/13 во Нов Караорман, зграда 1, влез 1 приземје бр.1, со површина од 48 м2;

- недвижна ствар - стан на КП бр. 527/14 во Нов Караорман, зграда 1. влез 1, приземје бр.1, со површина од 46 м2;

- недвижна ствар - стан на КП бр. 527/16 во Нов Караорман, зграда 1, влез 1, приземје бр.1, со површина од 48 м2;

- недвижна ствар - стан на КП бр. 527/21 во Нов Караорман, зграда 1, влез 1, приземје бр.1, со површина од 49 м2.

5) Имотен лист бр.10416 за КО Таринци сопственост на Република Македонија, и тоа:

- недвижна ствар - стан на КП бр. 527/9 во Нов Караорман, зграда 1, влез 1, приземје бр.1, со површина од 61 м2.

6) Имотен лист бр.10419 за КО Таринци, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- недвижна ствар - стан на КП бр. 527/10 во Нов Караорман, зграда 1, влез 1, приземје бр.1, со површина од 52 м2.

7) Имотен лист бр.10421 за КО Таринци, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- недвижна ствар - стан на КП бр. 527/19 во Нов Караорман, зграда 1, влез 1, приземје бр.1, со површина од 44 м2.

8) Имотен лист бр.10422 за КО Таринци, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- недвижна ствар -стан, на КП бр. 527/18 во Нов Караорман, зграда 1, влез 1, приземје бр.1, со површина од 45 м2.

9) Имотен лист бр.10423 за КО Таринци, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- недвижна ствар - стан, на КП бр. 527/12 во Нов Караорман, зграда 1, влез 1, приземје бр.1, со површина од 47 м2.

10) Имотен лист бр.10425 за КО Таринци, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- недвижна ствар - стан, на КП бр. 527/17 во Нов Караорман, зграда 1, влез 1, приземје бр 1, со површина од 49 м2.

11) Имотен лист бр.10427 за КО Таринци, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- недвижна ствар - стан на КП бр. 527/15 во Нов Караорман, зграда 1, влез 1, приземје бр. 1, со површина од 52 м2.

12) Имотен лист бр.10429 за КО Таринци, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- недвижна ствар - стан на КП бр. 527/2 во Таринци, зграда 1, влез 1, приземје бр.1, со површина од 49 м2.

13) Имотен лист бр.10430 за КО Таринци, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- недвижна ствар - стан на КП бр. 527/1 во Нов Караорман, зграда 10, влез 1, приземје бр.1, намена на зграда А1 — 1, со површина од 57 м2.

14) Имотен лист бр.10431 за КО Таринци, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- недвижна ствар - стан на КП бр. 527/4 во Нов Караорман, зграда 1, влез 1, приземје бр.1, со површина од 56 м2.

15) Имотен лист бр.687 за КО Радање, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- недвижна ствар на КП бр. 2339/2 во с.Радање, зграда 1, намена А3-7, влез 1, подрум бр.1, П, со површина од 16 м2;

- недвижна ствар на КП бр. 2339/2 во с.Радање, зграда 1, намена А3-7, влез 1, приземје бр.1, ПП, со површина од 3 м2;

- недвижна ствар на КП бр. 2339/2 во с.Радање, зграда намена А3-7, влез 1, приземје бр.1, СТ, со површина од 40 м2;

- недвижна ствар на КП бр. 2339/2 во с.Радање, зграда 1, намена А3-7, влез 4, подрум бр.4, П, со површина од 16 м2;

- недвижна ствар на КП бр. 2339/2 во с.Радање, зграда 1, намена А3-7, влез 4, приземје бр.4, СТ, со површина од 40 м2 и

- недвижна ствар на КП бр. 2339/2 во с.Радање, зграда 1, намена А3-7, влез 4, приземје бр. 4, ПП, со површина од 3 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-6508/1<br>21 август 2014 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески**, с.р. |

---

**4028.**

Врз основа на член 54-а став (2) од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012, 137/2013, 188/2013 и 27/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ДРУШТВОТО ЗА ИЗГРАДБА, УПРАВУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКА САЛА „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“ ДООЕЛ - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, времено му престанува користењето на движна ствар со следните карактеристики:

- Марка : SEAT SA
- Тип : LEON 1M
- Број на шасија : VSSZZZ1MZ3R009688
- Број на мотор : AKL/984268
- Година на производство: 2002
- Регистарски број: SK 031 MZ

Член 2

Движната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на времено користење од три години на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ - Скопје.

Член 3

Директорот на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје склучува договор со управителот на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ - Скопје со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 на оваа одлука која се дава на времено користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-6531/1<br>21 август 2014 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески**, с.р. |

**4029.**

Врз основа на член 9-а став 6 од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“, бр. 84/2008, 35/2011, 84/2012 и 43/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ГРАД СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се отстапуваат без надомест 17.000 литри еуродизел бс на Град Скопје.

Нафтените деривати од став 1 на овој член се отстапуваат на Град Скопје, а за потребите на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје за превоз на деца корисници на услугата од проектот за користење бесплатна рехабилитација и рекреација на деца со пречки во развојот во социјална установа за згрижување и реханилитазција на деца и младинци од 6 до 26 години.

Член 2

Трошоците за испорака, односно транспортни и манипулативни трошоци за преземање на отстапените нафтени деривати паѓаат на товар на Министерството за труд и социјална политика.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6643/1
21 август 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**4030.**

Врз основа на член 42 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.8.2014 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА НА ЛЕКАРИ И МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ ЗА 2014 ГОДИНА**

1. Во Програмата за едукација на лекари и медицински персонал за 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/14 и 96/14) во делот „2. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА“, во ставот 2, по зборот „освен“, се додаваат зборовите „за лице кое ќе замине во Франција и Обединетото Кралство кој е во износ од 800,00 (осумстотини) евра по лице, а“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-6520/1
21 август 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**4031.**

Врз основа на член 26 став 3 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12 и 43/14), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СЛУЖБЕНА ОБЛЕКА И ОЗНАКИ НА ЧИНОВИТЕ И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ДОДЕЛУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ**

Член 1

Во Правилникот за службена облека и ознаки на чиновите и начинот на нејзиното доделување и користење на царинските службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/07, 124/07 и 41/08), во членот 5 по зборот „работи“ се додадат зборовите „и Одделението за истраги“, а по зборот „патики“ се става запирка и се додаваат зборовите „тактичка летна јакна и блузон полар“.

Член 2

Во членот 6 во ставот 1 по зборовите „пантоне 19-0303 TP“ се додаваат зборовите „а за царинските службеници во Одделението за истраги основна боја е темно сина“.

Ставот 10 се менува и гласи:

“Дополнителните делови од службената облека за царинските службеници во Одделението за оперативни работи се со следниот состав:

- тактичката јакна е со состав на материјал: двослоен ламинат, водоодбоен, горен слој 100% полиестер, долен дел-мембрана, вкупно 170-210 г/м2, со постава од полиестерско полнење од 100% полиестер, на површина двострано термички обработено, 70-90 г/м2 и постава од 100% полиестер, 50-70 г/м;
- панталоните се со состав на материјалот: 47%-67% памук и 33%-53% полиестер, 230-270 г/м2, рипстоп, отпорен на вода и масло, со постава од полиестерско полнење од 100% полиестер, на површина двострано термички обработено, 70-90 г/м2 и постава од 100% полиестер, 50-70 г/м2;
- комбинизонот е со состав на материјалот: 47%-67% памук и 33%-53% полиестер, 195-235 г/м2, рипстоп, отпорен на вода и масло, со постава од полиестерско полнење од 100% полиестер, на површина двострано термички обработено, 70-90 г/м2 и постава од 100% полиестер, 50-70 г/м2;
- тактичката летна јакна е со состав на материјалот: 100% полиамид, водонепропустлив, 65-85 г/м2, со постава од плетенина трикотажна 100% полиестер, 120-150 г/м;
- блузонот полар е со состав на материјалот: 100% полиестер, 290-320 г/м2;
- поло маицата е со состав на материјалот: 47%-67% памук и 33%-53% полиестер, 180-210 г/м2 и
- поло капата е со состав на материјалот: 47%-67% памук и 33%-53% полиестер, 180-210 г/м2 . “

Член 3

Во членот 7 став 1 во алинејата 2 по зборовите "Одделението за оперативни работи се додаваат зборовите „и Одделението за истраги", зборот „левиот" се заменува со зборот „десниот" а по првата реченица се додаваат две нови реченици кои гласат:

„Тактичката јакна е со постава со полиестерско полнење (штеповано) со можност истата да може да се става и вади. Поставата со полиестерското полнење треба во потполност да одговара на тактичката јакна како не би се изгубила нејзината функционалност. "

По алинеја 2 се додаваат две нови алинеи кои гласат:

" - тактичката летна јакна (за вработените во Одделението за оперативни работи и Одделението за истраги) - со должина до појас, се закопчува со патент под кој е лајсна, дупли џебови во пределот на градите со патенти и патни со чичак трака а под десниот џеб се наоѓа скриена лајсна за натпис ЦАРИНА, на боковите има дупли паспус џебови со дрикери, во внатрешноста на џебот се наоѓа отвор за скриено оружје кој се затвора со патенти, крајот на ракавите е со чичак трака, бочниот шав е со патенти и отвори за оружје, на грбот има сокриен џеб за натпис ЦАРИНА.Тактичката летна јакна од внатре е нашиена со постава од трикотажна плетенина,

- блузонот полар (за вработените во Одделението за оперативни работи и Одделението за истраги) е со долги ракави, со вообичаен крој, со преден патент и странични долни џебови со патент, " .

Во алинејата 4 по зборовите "Одделението за оперативни работи се додаваат зборовите „и Одделението за истраги" а зборовите „со можност за ставање полар влошка за зимски услови" се заменуваат со зборовите „ со постава со полиестерско полнење (штеповано) со можност истата да може да се става и вади".

Во алинејата 5 , по зборовите "Одделението за оперативни работи се додаваат зборовите „и Одделението за истраги" а зборовите „може да се става и вади полар влошка" се заменуваат со зборовите „со постава со полиестерско полнење (штеповано) со можност истата да може да се става и вади".

Во алинејата 7 по зборовите "Одделението за оперативни работи се додаваат зборовите „и Одделението за истраги".

Во алинејата 11 по зборовите "Одделението за оперативни работи се додаваат зборовите „и Одделението за истраги" а зборовите „со амблемот на левата страна од градите и на левиот ракав" се заменуваат со зборовите „со преплетка пике има трикотажна плетена јака и на средината се закопчува со три копчиња".

Во алинеја 18 по зборовите "Одделението за оперативни работи се додаваат зборовите „и Одделението за истраги".

Член 4

По членот 7 се додава нов член 7-а кој гласи:

„Член 7-а

Кај тактичката јакна и тактичката летна јакна на горниот лев џеб во пределот на градите со помош на чичак трака стои симболот на Царинската управа (Прилог 10), со дијаметар од 8 цм, изработен во основната боја на службената облека, а на левиот ракав со помош на чичак трака стои државното знаме на Република Македонија со димензии 7,5цм х 4,5цм.

Кај комбинизонот, полар блузонот и поло маицата во пределот на левиот дел од градите е нашиен симболот на Царинската управа, со дијаметар од 8цм, изработен во основната боја на службената облека, а на левиот ракав е нашиено државното знаме на Република Македонија со димензии 7,5цм х 4,5цм. "

Член 5

Во членот 17, во ставот 2 во табеларниот дел во точката 4, во колоната за количина бројот „4" се заменува со бројот „2".

По точката 6, се додаваат две нови точки 7 и 8 кои гласат:

| | | |
|---|---|---|
| " 7. Тактичка летна јакна | 1 | 36 месеци |
| 8. Блузон полар | 2 | 36 месеци " |

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 20-27260/3
21 август 2014 година Министер за финансии,
Скопје **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**4032.**

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за финансиската полиција („Службен весник на РМ" бр.12/14 и 43/14), министерот за финансии, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА, ФОРМАТА НА ЗНАЧКАТА, ИЗГЛЕДОТ И ВИДОТ НА СЛУЖБЕНАТА УНИФОРМА НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА И НАЧИНОТ НА НИВНОТО КОРИСТЕЊЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на службената легитимација, формата на значката, изгледот и видот на службената униформа на Управата за финансиска полиција како и начинот на нивното користење.

Член 2

Службената легитимација е изработена од 135 грамска хартија-кундздрук, во бела боја, пластифицирана со 175 микронска фолија, со димензии 6.5см. х 8.5см.

Предната страна од легитимацијата содржи: грб на Република Македонија, МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА, СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА, место за фотографија со димензии 2.5см х 2.8см., име, презиме, финансиски полицаец, регистарски број, потпис на министерот за финансии и печат на Министерството за финансии.

Задната страна на легитимацијата содржи извод од одредбите на член 12 од Законот за финансиска полиција, со следниот текст:

„Финансиската полиција има надлежност да:

-открива и врши криминалистичко истражување на кривични дела кои се гонат по службена должност како што се: перење пари и други приноси од казниво дело од членот 273, недозволена трговија од членот 277, кримучарење од членот 278, даночно затајување од членот 279 од Кривичниот законик и други кривични дела со противправна имотна корист од значителна вредност, како и фаќање и пријавување на нивните сторители, обезбедување на докази, други мерки и активности што можат да користат за непречено водење на кривичната постапка по службена должност или по наредба на јавниот обвинител преку извршување на надлежностите во правосудната полиција согласно закон".

Член 3

Значката на Управата за финансиската полиција е со димензии 5см. во ширина и 6 см. во висина, рељефно изработена од специјална метална легура во златна боја во форма на штит, премачкан со заштитен неоксидирачки лак. Подлогата на значката се состои од три дела:

Во горниот дел рељефно во светло сина боја е впишано: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА;

Во средишниот дел рељефно е стилизирано знамето на Република Македонија слично на кована монета од еден денар, обиколена со венец од двете страни. Под стилизираното знаме рељефно стои изгравиран четирицифрен регистерски број на службената легитимација во светло сина боја;

Во долниот дел полукружно рељефно во светло сина боја е впишано: FINANCIAL POLICE.

Член 4

Носителот на службената легитимација се легитимира пред преземање на службено дејствие и може службената легитимација и значка да ги користи само во вршење на службената должност согласно дадените законски овластувања.

Финансискиот полицаец по престанокот на работниот однос, службената легитимација ја предава на Управата за финансиска полиција.

Член 5

Финансиските полицајци имаат службена униформа, која се состои од:

-зимска јакна и

-летна јакна

Зимската јакна е со боја тегет, изработена од 100% полиестер, со постава изработена од 100% памук, ширината на ткаенината е 150 см, тежината на ткаенината е 140 грама на метар должен (до +/- 5), материјалот е водоотпорен 500мм, полнењето на јакната е од вата 150 гр/м2, има двојно закопчување напред со патент и копчиња, долниот дел на јакната е без ластик.

Летната јакна е со боја тегет, изработена од 100% полиестер, со постава изработена од 100% памук, ширината на ткаенината е 150 см, тежината на ткаенината е 140 грама на метар должен (до +/- 5), материјалот е водоотпорен 500мм, има двојно закопчување напред со патент и копчиња, долниот дел на јакната е без ластик.

Член 6

Службени ознаки на зимската и летната јакна се: на задниот дел на јакните пишува ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА испишано во два реда, буквите во фонт Ариел Болд со димензии на буквите 130, извезени со конец во бела боја на платка која е сошиена на јакната. На предната страна на зимската и летната јакна лево горе пишува ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА испишано во два реда, буквите во фонт Ариел Болд со димензии на буквите 40, извезени со конец во бела боја на платка која е сошиена на јакната. На левиот ракав на зимската и летната јакна извезен е симболот на Управата за финансиска полиција со димензии, висина 10,8 см и ширна 8,5 см.

Член 7

Финансиските полицајци ја носат службена униформа при извршувањето на службените задачи, односно при вршење на работите од своја надлежност и тоа: приведување; лишување од слобода; задржување; пренасочување, насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време; увид и преглед на деловни книги и друга документација; сопирање, преглед на лица, багаж и превозни средства и извршување на истражни дејствија.

Член 8

Времето на траење на службената униформа на финансиските полицајци за зимската и летната јакна изнесува 36 месеци.

Член 9

Образецот на службената легитимација и формата на значката се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 10

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на службената легитимација и формата на значката на Управата за финансиска полиција и начинот на нејзиното користење („Службен весник на Република Македонија" бр.139/2008).

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-28651/1
21 август 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
**Зоран Ставрески,** с.р.

**Форма и содржина**

**на службената легитимација**

**Задна страна**

**Предна страна**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА**

**СЛУЖБЕНА**
**ЛЕГИТИМАЦИЈА**

**Име**
**Презиме**

**Финансиски полицаец**

**Рег.бр.**

**Министер за финансии**

**НАДЛЕЖНОСТИ НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА**

**Извадок од член 12 од Законот за финансиската полиција Сл. Весник на РМ 12/14 и 43/14 :**

- открива и врши криминалистичко истражување на кривични дела кои се гонат по службена должност како што се: перење пари и други приноси од казниво дело од членот 273, недозволена трговија од членот 277, кримучарење од членот 278, даночно затајување од членот 279 од Кривичниот законик и други кривични дела со противправна имотна корист од значителна вредност, како и фаќање и пријавување на нивните сторители, обезбедување на докази, други мерки и активности што можат да користат за непречено водење на кривичната постапка по службена должност или по наредба на јавниот обвинител преку извршување на надлежностите во правосудната полиција согласно закон"

**Форма на значката на**

**Управата за финансиска полиција**

**Метална значка**



**4033.**

Врз основа на член 43 став 3 од Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/14 и 43/14), министерот за финансии донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ ЗА ПРОВЕРКА НА РАБОТНИТЕ СПОСОБНОСТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за проверка на работните способности на кандидатите за вработување во Управата за финансиска полиција како финансиски полицајци.

Член 2

Лицето кое заснова работен однос во Управата за финансиска полиција, во поглед на здравствените и психофизичките способности потребно е:

1. да нема наследно или стекнато заболување или аномалија која би предизвикала таков степен на функционална слабост која би му оневозможила извршување на полициските работи;

2. да е правилно развиено и односот на телесната висина и тежина (BMI) да не укажува на патолошки состојби. Отстапувањето од нормалната телесна тежина да биде во рамките од -20 до +30%. Главата и вратот да се со нормална конфигурација, без анатомски отстапувања, деформитети и лузни кои условуваат функционални или естетски промени. Да нема деформитети на телото и екстремитетите кои значително влијаат на функцијата;

3. очниот наод да биде функционално уреден; остринатa на видот на секое око посебно, со можна корекција, да биде најмалку 0,8, корекцијата да биде во рамките на +- 4Д. Во случај на сложен и мешан астигматизам се зема збир на диоптријата. Растројствата во распознавање на бои да не влијаат во извршување на полициските работи;

4. наодот на органите за слух и рамнотежа да биде во граници на нормала; просечната загуба на слухот, во говорните фрекфенции, на секое уво одделно да не биде поголемо од 20 Дб;

5. белодробниот физикален и функционален (спирометриски) наод да биде уреден; да нема заболувања на респираторниот систем или последици од истите кои доведуваат до значително оштетување на респираторната функција. По потреба ренгенграфски или флуорографски да се исклучи активен процес на белите дробови од било која етиологија;

6. циркулаторниот систем да биде анатомски и функционално во физиолошки рамки; Физикалниот и ЕКГ наод на срцето без отстапувања кои би довеле до значителни растројства на срцевата функција; Вените на долните екстремитети да бидат без варикозни промени кои доведуваат до функционални растројства;

7. да нема манифестни знаци на растројство на еднокриниот систем, метаболизмот и исхраната, како и нарушување на имунитетот;

8. дигестивниот и урогениталниот систем да биде со уреден наод; без вродени или стекнати анатомски или функционални растројства кои во значителна мерка ја нарушуваат функцијата;

9. кожата да е без заболувања и последици од повреди кои доведуваат до значителни функционални пречки, како и без болести со потешка прогноза;

10. локомоторниот апарат да биде без вродени или стекнати анатомски и функционални растројства кои значително ја нарушуваат неговата функција;

11. централниот и периферниот нервен систем да се со анатомски сочуван интегритет и уредна функција, без акутни и хронични заболувања и останати патолошки состојби;

12. да не боледува од душевни растројства и растројства во однесувањето, невротски растројства, растројства на спиењето, растројства на личноста, душевни растројства и растројства во однесувањето предизвикани од употреба на психоактивни супстанции. Се исклучуваат сите облици на душевна заостанатост и интелектуална тапост.

Член 3

Заради утврдување на здравствената и психофизичката способност, лицето кое заснова работен однос во Финансиската полицијата се упатува на општи медицински и специјалистички прегледи кои опфаќаат: утврдување на здравствената состојба, антрополошки мерења, лабораториски прегледи, невропсихијатриско и психолошко испитување и испитување на функцијата на сетилата, утврдени во Образец број 1 кој е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член има четири страни, од кои на првата страна се запишуваат личните податоци за лицето кое се упатува на општо-медицински и специјалистички преглед, втората и третата страна ги содржат наодите на лекарите, лекарите-специјалисти и психолозите, а четвртата страна го содржи наодот на здравствената комисија.

Член 4

Клиничките прегледи опфаќаат:

1. земање на анамнестички податоци;

2. мерења на телесната височина и тежина и оценување на телесната конструкција;

3. преглед на кожата и на видливите слузници;

4. преглед на усната празнина, непцата, забите, јазикот, непчените лакови, тонзилите и грлото, лимфните жлезди и вратот и

5. утврдување еластичност на мускулите, рамни табани, деформитети на телото, ампутати, проширени вени и ограниченост на движењето;

Интернистичкиот преглед опфаќа:

1. преглед на главата и вратот, перкусија и аускултација на градниот кош;

2. аускултација на срцето, мерење на пулсот, крвниот притисок;

3. палпација на жлездите и на абдоменалните органи;

4. ЕКГ и

5. спирограм.

Лабораториските прегледи го опфаќаат испитувањето на крвта и урината.

Невропсихијатрискиот преглед опфаќа:

1. преглед на кранијални нерви;

2. мотилитет (несакани движења, активни и пасивни движења, мускулен тонус, позициони и координациони проби, одење, стоење и говор);

3. сензибилитет;

4. рефлекси и

5. вегетативен нервен систем.

Член 5

Психолошкото испитување се врши со:

1. психолошки тестови на личноста, насочени кон евалуација на структурата на личноста во однос на нивото на психичката енергија, невротизмот, психопатијата, општата адаптираност и психолошката и општествената зрелост на личноста;

2. психолошки тестови на општите и посебните способности;

3. психолошко интервју за испитување и проценка на мотивацијата за професијата и особините на личноста и

4. психолошко испитување за психомоторната (едноставните и сложените психомоторни реакции) и окуломоторната координација со специјални стандардизирани реакциометри за таа цел.

Член 6

Финансиските полицајци, најмалку еднаш во годината, заради оценување на психофизичките и здравствените способности, се подложуваат на редовни прегледи, со цел да се утврди дали се здравствено и психофизички способни да ги извршуваат полициските работи.

Член 7

Финансиските полицајци се подложуваат на вонреден преглед согласно членот 6 од овој правилник, односно директорот на Управата за финансиска полиција може да одлучи финансиските полицајци да ги упати на вонреден медицински преглед во случаите кога финансиските полицајци не ги исполнуваат задоволително своите работни задачи, а кога подолго време отсуствуваат од работа, или постои сомневање за нивната здравствена состојба.

Финансиските полицајци од ставот 1 на овој член кои одбиваат да се подложат на вонреден систематски преглед ќе се сметаат за неспособни за вршење на полициските работи.

Член 8

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за проверка на работните способности за вработување во Управата за финансиска полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 69/2009).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-28652/1
21 август 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
**Зоран Ставрески**, с.р.

ОБРАЗЕЦ БРОЈ 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА
Бр.___________________
___________ година
Скопје

Број ___________________

ЛИСТА НА ПРЕГЛЕДИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА И ПСИХОФИЗИЧКАТА СПОСОБНОСТ НА ЛИЦЕТО КОЕ ЗАСНОВА РАБОТЕН ОДНОС ВО УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА

Име, татково име и презиме ____________________________________________

Дата и место на раѓање ________________________________________________

Единствен матичен број (ЕМБГ)__________________________________________

Живеалиште ________________________________________________________

Вид на образование(средно,вишо,високо) _____________________________________

Брачна состојба ____________________________________________________

Работно место ______________________________________________________

АНАМНЕЗА

ЛИЧНА

_____________________________________________________________________

_____________________________________________________________________

ФАМИЛИЈАРНА

_____________________________________________________________________

_____________________________________________________________________

Податоците во анамнезата се внесени врз основа на моите искажувања што ги потврдувам со свој потпис.

Скопје, ___________________ година ПОТПИС

Висина ..................... Тежина ........................... VC ……………………..

FEV 1 …………………

Tiffneau index ……….

**Лабараториски наод**

**Урина** **Крв** **Други анализи**

| | | |
|---|---|---|
| Спец. Тежина ................... | Седиментација ...................... | Тромбоцити ........................... |
| Боја .................................. | Хемоглобин ........................... | Време на крварење............... |
| Реакција ........................... | Еритроцити ............................ | Време на коагулација............ |
| Албумен ........................... | Леукоцити .............................. | Уреа ...................................... |
| Шекер ............................... | Хематокрит ............................ | Креатинин .............................. |
| Билирубин ....................... | Гликемија ............................... | Билирубин .............................. |
| Уробилиноген .................. | Њар.По: ................................. | AST ……………………………. |
| Седимент ......................... | Колмер .................................. | ALT ……………………………. |
| …………………………… | ВДРЛ реакција ....................... | Вк. холестерол ...................... |
| .......................................... | МКР II ………………………... | LDL ……………………………. |
| …………………………….. | …………………………………… | HDL ……………………………. |
| …………………………….. | …………………………………… | Триглицериди ........................ |

**Л а б о р а н т,**

**Рентгенграфија**

Пулмо.........................................................................................................................
..................................................................................................................................
Цор............................................................................................................................
Заклучок : ............................................ **Л е к а р,**

**Стоматолошки преглед**

Стоматолошки наод

состојба на забите

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 7 | 6 | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 8 | 7 | 6 | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |

X фали О кариес ▢ пломба ▢ круна мост

Заклучок : ……………………………………………..

**С т о м а т о л о г,**

**Клинички преглед од лекар – специјалист по интерна медицина**

Пулмо.........................................................................................................................
.................................................................................................................................
Цор.............................................................................................................................
.................................................................................................................................
Хепар.........................................................................................................................
Лиен...........................................................................................................................
Останати наоди..........................................................................................................
Екг..............................................................................................................................
.................................................................................................................................
.................................................................................................................................

Заклучок : ………………………………… **Л е к а р,**

**Неуропсихијатриски преглед**

Неуролошки наод :
.................................................................................................................................
.................................................................................................................................
Психички наод
.................................................................................................................................
Заклучок : ........................................................ **Л е к а р,**

**Офталмошки преглед**

ОД
.................................................................................................................................
Висус
ОС
.................................................................................................................................

Распознава бои

.....................................................................................................................................

Фундус

.....................................................................................................................................

Останати наоди

.....................................................................................................................................

Заклучок : …………………………… **Л е к а р,**

**ОРЛ преглед**

Уво

.....................................................................................................................................

Слух

.....................................................................................................................................

Нос

.....................................................................................................................................

Грло

.....................................................................................................................................

Аудиограм.....................................................................................................................

.....................................................................................................................................

Заклучок : …................................................... **Л е к а р,**

**Хируршки и ортопедски преглед**

.....................................................................................................................................

.....................................................................................................................................

.....................................................................................................................................

Заклучок : …................................................... **Л е к а р,**

**Психолошки наод**

.....................................................................................................................................

.....................................................................................................................................

.....................................................................................................................................

Заклучок : …................................................... **Л е к а р,**

**Преглед, оценка и мислење за здраствената и работната способност од лекар специјалист по медицина на трудот**

……………………………………………………………………………………………………………………

……………………………………………………………………………………………………………………

……………………………………………………………………………………………………………………

Заклучок : ……………………………………………… **Л е к а р,**

**Потребни дополнителни прегледи**

а) Специјалистички

б) Лабараториски

Здраствената комисија при здравствената установа ___________________________
до Управата за финансиска полиција го издава следниот:

**КОМИСИСКИ НАОД**

КАНДИДАТОТ____________________________________________________
е здраствено и психофизички СПОСОБЕН – НЕСПОСОБЕН за работа во Управата за финансиска полиција.

Здраствената и психофизичката способност е утврдена врз основа на извршените специјалистички прегледи на здраствената состојба на кандидатот и непосредниот лекарски преглед на кандидатот од страна на здраствената комисија при горенаведената здравствена установа.

Членови на комисијата

1. ___________________________
2. ___________________________
3. ___________________________
4. ___________________________

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на здраствената комосија

М.П.

________________________

**4034.**

Врз основа на член 51 став 4 од Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/14 и 43/14), министерот за финансии донесе

**К О Д Е К С**
**НА ОДНЕСУВАЊЕ**

Член 1

Со овој кодекс се пропишуваат моралните и етичките стандарди на финансиските полицајци со кои се изразува волјата на финансиските полицајци за законито, професионално, праведно, пристојно, коректно и хумано постапување.

Целта на кодексот на однесување е подигање на свеста на финансиските полицајци за важноста на почитувањето на етичките начела и јакнењето на етичкото, односно морално постапување во пракса.

Член 2

Финансиските полицајци работните задачи, обврските и овластувањата, ги вршат одговорно и професионално во согласност со Законот за финансиската полиција и другите закони и подзаконски акти кои се применуваат во вршењето на работите на финансиската полиција.

Финансиските полицајци при вршењето на своите работни задачи ги почитуваат човековите права и слободи, односно го почитуваат достоинството и угледот на сите граѓани.

Член 3

Финансиските полицајци во вршењето на своите работни задачи треба да осигурат еднакви човекови права и слободи за сите граѓани, независно од нивната раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политичко или друго уверување, национално или социјално потекло, имот, образованние, општествена позиција или други обележја.

Член 4

Финансиските полицајци треба да се стремат кон највисоките етички стандарди и да се однесуваат на начин на кој ќе ја одржуваат, подобруваат и зајакнуваат репутацијата и угледот на Финансиската полиција.

Член 5

Финансиските полицајци не смеат да ги злоупотребуваат овластувањата и статусот на финансискиот полицаец.

Финансиските полицајци не смеат да предизвикуваат, поттикнуваат или толерираат никаков начин на тортура, мачење, нечовечко или понижувачко постапување.

Финансиските полицајци можат да употребат средства на присилба и службено огнено оружје само кога е тоа неопходно за постигнување на одредена цел, за одбивање на противправен напад со кој се загрозува животот и физичкиот интегритет на финансискиот полицаец или на други лица, согласно закон.

Член 6

Финансиските полицајци не смеат да учествуваат во извршување на кривични дела и прекршоци од областа на финансиите.

Финансиските полицајци се должни веднаш да го информираат непосредно раководниот финансиски полицаец доколку против нив е покрената постапка за утврдување кривична или прекршочна одговорност.

Член 7

Финансиските полицајци ги извршуваат наредбите дадени од непосредно раководниот финансиски полицаец.

Финансиските полицајци се должни да се воздржуваат од извршување на наредби со кои може да се стори кривично дело и за тоа веднаш го известуваат непосредно повисокиот финансиски полицаец.

Член 8

Финансиските полицајци стручно се оспособуваат и усовршуваат со цел професионално извршување на своите работни задачи.

Финансиските полицајци можат да се здружат во синдикални организации во земјата и во странство.

Професионалното однесување на финансиските полицајци не смее да зависи од нивното лично, односно политичко уверување.

Член 9

Финансиските полицајци при вршењето на своите службени должности ја почитуваат туѓата приватност.

Во односите со другите вработени во Финансиската полиција, финансиските полицајци се однесуваат со взаемно разбирање и почитување, со взаемно солидарно помагање, колегијалност, толеранција, искреност со меѓусебно верување и достоинствено постапување, со добронамерна критика и добра комуникација.

На вака создадените односи ќе им штети лажната солидарност, понижувањето, потценувањето и занемарувањето.

Член 10

Финансиските полицајци при извршувањето на службените должности не смеат да примаат и изнудуваат подароци, награди и друг вид на корист.

Обидите на странките да понудат било каква корист во замена за услуга или повластен третман, финансиските полицајци се должни веднаш да ги пријават до непосредно раководниот финансиски полицаец.

Член 11

Финансиските полицајци не смеат да употребуваат или да се под дејство на алкохол и психотропни супстанции за време на извршување на службените должности.

Член 12

Финансиските полицајци не смеат да користат службени информации за да остварат свои приватни интереси или интереси на други лица.

Член 13

Финансиските полицајци не смеат јавно да го застапуваат или изразуваат своето политичко убедување во вршењето на работните задачи и овластувањата.

При вршењето на своите овластувања финансиските полицајци не смеат да вршат политички активности.

Финансиските полицајци во односите со јавноста, како и во односите со другите финансиски полицајци не треба да ја споменуваат, истакнуваат или посредно да ја ставаат до знаење својата припадност кон одредена политичка партија.

Финансиските полицајци не треба да влијаат на другите финансиски полицајци, да пристапат кон одредена политичка партија, ниту смеат да ги поттикнуваат да го сторат тоа ветувајќи им напредок во службата.

Член 14

Без претходно овластување од страна на непосредно раководниот финансиски полицаец, финансиските полицајци не смеат на неовластени лица да пренесуваат службени информации кои ги добиле за време на вршење на нивните овластувања.

Член 15

Финансиските полицајци треба совесно, економично и ефикасно да ги користат средствата за работа, опремата и другите предмети кои им се доверени за извршување на работните задачи во рамките на нивните овластувања и да го спречат нивното незаконско користење.

Член 16

Финансиските полицајци не смеат да ја користат службената легитимација, спротивно на овластувањата и со неа треба да постапуваат согласно закон.

Финансискиот полицаец по престанокот на работниот однос, службената легитимација ја предава на Управата за финансиска полиција.

Член 17

Со денот на влегување во сила на овој Кодекс престанува да важи Кодексот на однесување на Управата за финансиска полиција („Службен весник на Република Македонија" број 69/2009).

Член 18

Овој кодекс влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-28653/1
21 август 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
**Зоран Ставрески,** с.р.

**4035.**

Врз основа на член 50 став 7 од Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/14 и 43/14), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОЛИЦАЈЦИ, ВИДОВИТЕ НА ИЗВЕШТАИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ И ДРУГИТЕ ОБРАСЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на оценување на работењето на финансиските полицајци, видовите на извештаи, формата и содржината на образецот за оценување и другите обрасци.

Член 2

Оценувањето на работењето на финансиските полицајци се врши врз основа на податоците што се однесуваат на резултатите од работата, како и на личните квалитети што финансискиот полицаец ги покажал во текот на работата, остварените резултати од обуките и добиените награди, дисциплинските мерки и отсуствата во претходната година.

Член 3

Оценувањето на резултатите од работата се врши врз основа на:

- познавање и примена на прописите,
- остварување на работите и задачите,
- навремено извршување на работите,
- квалитетно извршување на работите и
- организирање на работата.

Член 4

Оценувањето на личните квалитети, се врши врз основа на:

- стручно знаење и способност за работа,
- совесност при извршување на работите и задачите,
- способност за соработка и тимска работа и
- комуникациски способности.

Член 5

Финансиските полицајци се оценуват со оценка: "се истакнува", "задоволува", "делумно задоволува" и "не задоволува".

Член 6

Финансискиот полицаец се оценува со оценка "се истакнува", кога своите работи и задачи ги извршува професионално, стручно со висок квалитет и резултати во работењето кои се над очекуваното.

Член 7

Финансискиот полицаец се оценува со оценка "задоволува", кога работите и задачите ги извршува професионално, ефикасно и според планираната динамика, со квалитет и резултати кои се очекувани.

Член 8

Финансискиот полицаец се оценува со оценка "делумно задоволува", кога работите и задачите ги извршува делумно и не секогаш ефикасно и според планираната динамика, со квалитет и резултати кои се под очекуваните.

Член 9

Финансискиот полицаец се оценува со оценка "не задоволува", кога работите и задачите ги извршува, нецелосно, непрофесионално и неефикасно и постигнува потпросечни резултати во нивното извршување.

Член 10

Конечната оценка на финансискиот полицаец се формира како средна оценка од поединечните оценки за постигнувањата утврдени во членовите 2, 3 и 4 на овој правилник, искажани со оценка од 1 до 4 и тоа:

- финансискиот полицаец се стекнува со оценка 4 - се истакнува, доколку постигнал просечна оценка над 3.5,
- финансискиот полицаец се стекнува со оценка 3 - задоволува, доколку постигнал просечна оценка од 2.5 до 3.5,
- финансискиот полицаец се стекнува со оценка 2 - делумно задоволува, доколку постигнал просечна оценка од 1.5 до 2.5 и
- финансискиот полицаец се стекнува со оценка 1 - незадоволува, доколку постигнал просечна оценка под 1.5.

Член 11

Оценувањето на работата на финансиските полицајци го врши непосредниот раководен финансиски полицаец (во натамошниот текст: Оценувачот).

Член 12

Оценувањето треба да биде објективно и непристрасно, без влијание и притисок од другите раководни финансиски полицајци врз оценувачот.

Член 13

Оценувачот постојано ја следи работата на финансискиот полицаец и прибира податоци за започнати и завршени предмети, поднесени кривични пријави и други дејствија кои ги презема во работењето, имајќи го во предвид карактерот на работното место, условите за работа и односот кон работата.

При следење на работата, оценувачот на финансискиот полицаец му дава инструкции и совети за подобрување на работењето, укажува на конкретни детали во работата, на постапки што водат кон успешно работење, и на недостатоците во неговото работење.

Член 14

Оценувачот по истекот на годината, а најдоцна до крајот на првото тримесечие во тековната календарска година за предходната календарска година, го пополнува образецот на оценувачкиот лист врз основа на податоците за постигнатите резултати во работењето на финансискиот полицаец за претходната година и извршеното интервју.

Образецот на оценувачкиот лист се чува во досието на финансискиот полицаец, а копија од образецот се дава на финансискиот полицаец.

Член 15

Оценувањето се врши на образец - Оценувачки лист, кој ги содржи следните елементи:

- архивски број, датум и назив на организационата единица во Управата за финансиска полиција,
- година за која се оценува финансискиот полицаец,
- основни податоци на финансискиот полицаец (име и презиме, датум и место на раѓање, матичен број, степен и вид на образование, работно место, звање, работно искуство и датум од кога финансискиот полицаец е на работното место за кое се оценува),
- податоци за постигнати резултати за предходната година, (за обуките кои ги посетувал, наградите кои ги добил, дисциплинските мерки, отсуства во претходната година),
- податоци за оценката,
- конечна оценка,
- коментар на оценувачот,
- коментар на оценуваниот,
- потпис на оценувачот и оценуваниот,
- датум на оценувањето,
- датум на доставување на образецот и
- место за печат.

Образецот на Оценувачкиот лист е даден во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 16

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката на оценување на работењето на финансиските полицајци („Службен весник на Република Македонија" број 69/2009).

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 20-28654/1
21 август 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА

Бр. _________

___________________

____________________________________

(*назив на одделението – Секторот*)

**ОЦЕНУВАЧКИ ЛИСТ**

**за оценување на финансиски полицаец**

**за __________ година**

**I. Основни податоци**

1. Име и презиме ________________________
2. Датум и место на раѓање ________________________
3. ЕМБГ ________________________
4. Степен и вид на образование ________________________
5. Работно место ________________________
6. Звање ________________________
7. Работно искуство ________________________
8. Датум од кога е на работното место за кое се оценува

________________________________________________________________________

**II. Податоци за постигнати резултати во предходната година**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

9. Обуки кои ги посетувал во предходната година

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

10. Награди кои ги добил во предходната година

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

11. Дисциплински мерки кои се изречени

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

12. Отсуства кои ги имал во предходната година

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

## III. Податоци за оценката

| 1. Резултати од работата | **Оценка 1 до 4** | **Коментари во прилог на дадената оценка** |
|---|---|---|
| - познавање и примена на пропустите | | |
| - остварување на работите и задачите | | |
| - навремено извршување на работите | | |
| - квалитетно извршување на работите | | |
| - организирање на работата | | |

| 2. Лични квалитети | **Оценка 1 до 4** | **Коментари во прилог на дадената оценка** |
|---|---|---|
| - стручно знаење и способност за работа | | |
| - совесност при извршување на работите и задачите | | |
| - способност за соработка и тимска работа | | |
| - комуникациски способности | | |

13. Конечна оценка ( нумеричка и дискриптивна)

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

## IV. Коментари

14. Коментар на оценувачот

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

15. Коментар на оценуваниот

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

**ОЦЕНУВАЧ**

__________________________

**ОЦЕНУВАН**

__________________________

**( М.П.)**

**Датум на оценувањето**

_____________________

**Датум на доставувањето на образецот**

___________________________________

**4036.**

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/14 и 43/14), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА НА СИМБОЛОТ НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на употреба на симболот на Управата за финансиска полиција.

Член 2

Симболот на Управата за финансиска полиција се употребува на печатена апликација, налепница, значката на финансиската полиција и униформата на финансиските полицајци.

Член 3

Како печатена апликација, симболот на Управата за финансиска полиција може да се употреби на официјални службени акти и документи, покани, честитки, признанија, благодарници, визит карти, обвивки на списи, како и на други материјали што за службени цели ги употребува Управата за финансиска полиција.

Член 4

Како налепница симболот на Управата за финансиска полиција може да се постави на двете предни врати и на капакот над моторот на службените возила на Управата за финансиска полиција.

Член 5

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на употреба на симболот на Управата за финансиска полиција („Службен весник на Република Македонија" број 69/2009).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-28655/1
21 август 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
**Зоран Ставрески,** с.р.

---

**4037.**

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/14 и 43/14), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА УПОТРЕБАТА НА СВЕТЛОСНАТА И ЗВУЧНАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА, КАКО И НА ДРУГАТА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува употребата на светлосната и звучната сигнализација, како и на другата техничка опрема од страна на финансиските полицајци.

Член 2

Службените возила на Управата за финансиска полиција имаат вградено треперливо сино светло во предната маска како и уред за давање звучни знаци во низа тонови со различна висина кои се користат при извршување на службените задачи.

Со употребата на светлосната и звучната сигнализација се бара право на првенство на минување во однос на другите возила во сообраќајот при извршување на работите од надлежност на Управата за финансиска полиција, односно во случаите:

- при приведување;
- при лишување од слобода;
- при задржување;
- при привремено одземање на предмети;
- при примена на посебни истражни мерки и прикриени извори на податоци согласно со Законот за кривичната постапка.

Член 3

Службените возила на Управата за финансиска полиција можат да бидат посебно обележани и тоа со налепница на која е нацртан симболот на Управата за финансиска полиција и тоа на: капакот над моторот и странично на двете предни врати на службените возила.

Член 4

Техничка опрема која се употребува од страна на финансиските полицајци се: преносни компјутери, преносни дискови, скенери и принтери, форензичка компјутерска опрема, дигитални камери и фотоапарати, диктафони и друга техничка опрема.

Член 5

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за примената на криминалистичко-тактичките мерки и употребата на техничката опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр.69/2009).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-28656/1
21 август 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
**Зоран Ставрески,** с.р.

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**4038.**

Врз основа на член 195 став (10) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14 и 44/14), министерот за труд и социјална политика, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ПЕДАГОШКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА И ЦЕНТАР ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ**

Член 1

Во Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 87/13 и 154/13), во член 5 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Дневникот за работа на воспитната група во детската градинка/центарот за ран детски развој на предната корица содржи грб и име на Република Македонија и податоци за името на детската градинка/центарот за ран детски развој, место, општина, назив: „ДНЕВНИК ЗА РАБОТА НА ВОСПИТНАТА ГРУПА?, воспитна група и воспитна година. Првата страна содржи грб и име на Република Македонија и податоци за името на градинката/центарот за ран детски развој, место и општина, назив „ДНЕВНИК ЗА РАБОТА НА ВОСПИТНАТА ГРУПА?, воспитна група, воспитна година, име и презиме на воспитувачот и име и презиме на негователот. Втората страна е празна. Третата страна содржи наслов: „ ЗАДОЛЖИТЕЛНИ АСПЕКТИ НА РАЗВОЈ (ДОМЕНИ)" и податоци за: реден број, аспекти на развој и време на реализација, наслов „ФАКУЛТАТИВНИ ПРОГРАМИ (по избор на родителите и децата)" и податоци за: реден број, наслов на програмата, име и презиме на реализаторот, број на деца и време на реализација. Страните 4 и 5 се целина и содржат наслов: „ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРЕМЕТО (времетраење на програми за престој)“ и податоци за: реден број, активности, време и забелешка. Страните 6 и 7 се целина, кореспондираат една со друга и содржат наслов: „ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЦАТА? и податоци за: реден број, број во Главната книга, име и презиме на детето, датум на раѓање, име и презиме на родителот/старателот, адреса (место на живеење), телефон, датум на упис, датум на испис, преглед на отсутни деца (месечно и вкупно), информирање, консултации со родителот и други забелешки. Содржината на страните 6 и 7 се повторуваат на наредните страни, до страна 13. Страната 14 содржи наслов: „ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА? и податоци за: вид и содржина на активностите, име и презиме на реализаторот, време на одржување и број на присутни деца. Страните 15 и 16 се целина, и содржат наслов: „ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ? и податоци за: форма и опис на соработката, содржина на соработката, број на родители и датум на одржување. Страните 17 и 18 се целина и содржат наслов: „ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРОСЛАВИ И ДРУГИ ЈАВНИ МАНИФЕСТАЦИИ? и податоци за: назив на прослава/манифестација, цели на прославата/манифестација и датум на реализација. Страната 19 содржи наслов: „ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПОШИРОКАТА ОПШТЕСТВЕНА СРЕДИНА И СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ? и податоци за: назив на институција, опис на соработката и датум на реализација. Страната 20 содржи наслов: „ДОЛГОРОЧНО ГОДИШНО ПЛАНИРАЊЕ” и податоци за: реден број, глобални цели, теми, време на обработка, организациони форми на работа, методи на проучување и учење, место на реализација и форма на соработка со родителите/старателите. Се изготвува на почетокот на воспитната година. Страната 21 и 22 содржи наслов: „СРЕДНОРОЧНО-ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ“ и податоци за: наслов на темата, време на реализација, разгранување на темата со активности по аспекти на развојот (домени), и тоа: физичко здравје и моторен развој, социоемоционален развој, развој на пристап кон учењето, развој на јазикот описменување и комуникација и когнитивен развој и стекнување на општи знаења. Среднорочното планирање поаѓа од холистички пристап. Страната 23 содржи наслов “ЦЕЛИ НА ТЕМАТА ПО АСПЕКТИ НА РАЗВОЈ (ДОМЕНИ)” и тоа: физичко здравје и моторен развој, социоемоционален развој, развој на пристап кон учењето, развој на јазикот описменување и комуникација и когнитивен развој и стекнување на општи знаења. Страна 24 содржи наслов „РЕФЛЕКСИЈА НА РЕАЛИЗИРАНАТА ТЕМА ПО АСПЕКТИ НА РАЗВОЈ (ДОМЕНИ): “. Страните 21, 22 23 и 24 се повторуваат последователно 10 пати до страната 64. Среднорочното-тематско планирање се изготвува во текот на годината, пред започнување на реализација на нова тема. Страната 65 содржи наслов: „КРАТКОРОЧНО, ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ - ДНЕВЕН ОПЕРАТИВЕН ПЛАН“ и податоци за: стандард/и, наслов на дневната тема, цели, активности, место на реализација, материјали и средства за реализација, користени стратегии за рано учење и подучување, постигнувања на децата, индикатори и рефлексија на постигнатите резултати. Дневното планирање поаѓа од холистичкиот пристап и се изготвува секој ден. Страната 65 се повторува 220 пати до страна 285. Страната 286 содржи наслов „ГОДИШНА АНАЛИЗА НА РЕАЛИЗИРАНИ ТЕМИ“ и податоци за: број на планирани и реализирани теми (краток опис), како реализираните теми се рефлектираат врз развојните постигнувања на децата (краток опис), посебни постигнувања кај децата во однос на Стандардите за рано учење и развој, опис на остварена соработка со родители, идентификација на следни чекори во планирање на активности за поттикнување на раното учење и прогрес кон исполнување на Стандардите за рано учење и развој. Страната 287 сорджи наслов „ЗАБЕЛЕШКИ“. “

Во ставот (3) по зборовите: “и содржи листови кои” се додаваат зборовите: “се нумерирани и”.

Член 2

Образецот бр. 3 се заменува со нов Образец бр. 3 кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 11-5900/2 | Министер за труд |
| 18 август 2014 година | и социјална политика, |
| Скопје | **Диме Спасов**, с.р. |

Образец број 3

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

______________________________________________

(име на детската градинка/центарот за ран детски развој)

Место ____________________ Општина ________________

# ДНЕВНИК
# ЗА РАБОТА НА ВОСПИТНА ГРУПА

воспитна група ________________

воспитна 20_____/______ година

Корица

стр.1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

___________________________________________

(име на детската градинка/центарот за ран детски развој)

Место ______________________ Општина _________________

# ДНЕВНИК
# за работа на воспитната група

Воспитна група _________________

воспитна година 20_____/_______ година

Воспитувач

___________________________________

___________________________________

(име и презиме)

Негователи

___________________________________

___________________________________

___________________________________

___________________________________

___________________________________

(име и презиме)

Печати:

стр.3

**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ АСПЕКТИ НА РАЗВОЈ (ДОМЕНИ)**

| Ред. број | Аспекти на развој | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | Здравје и моторен развој | |
| 2. | Социо - емоционален развој | |
| 3. | Развој на јазикот, писменост и комуникација | |
| 4. | Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | |
| 5. | Пристап кон учење | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**ФАКУЛТАТИВНИ ПРОГРАМИ (по избор на родителите и децата)**

| Ред.бр. | Наслов на програмата | Име и презиме на реализаторот | Број на деца | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

стр.4

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРЕМЕТО**
(времетраење на програми за престој)

----------------------------------------------

| Ред. број | Активности | Време | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Страните 4 и 5 се целина

стр.6

## ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЦАТА

| Реден број | Бр.во Главна книга | Име и презиме на детето | Датум на раѓање | Име и презиме на родителот/старателот | Адреса, телефон | Дата на упис | Дата на испис |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

стр.7

| **Преглед на отсутни деца** | | | | | | | | | | | | | **Информирање, консултации со родителот/старателот** | **Други забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Месеци** | | | | | | | | | | | | | | |
| | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |

страните 6 и 7 се целина и се повторуваат до страна 13

стр.14

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

| **Вид и содржина на активностите** | **Име и презиме на реализаторот** | **Време на одржување** | **Број на присутни деца** |
|---|---|---|---|
| Систематски прегледи на децата | | | |
| Стоматолошки систематски прегледи | | | |
| Здравствено воспитување на родители/старатели | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ

| Форма и опис на соработката | Содржина на соработката | Број на родители | Датум на одржување |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Стр.17

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРОСЛАВИ И ДРУГИ ЈАВНИ МАНИФЕСТАЦИИ

| Назив на прослава/манифестација | Цели на прославата/ манифестацијата | Датум на реализација |
|---|---|---|
| | | |

страна 17-18

стр.19

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПОШИРОКАТА ОПШТЕСТВЕНА СРЕДИНА И СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

| Назив на институција | Опис на соработката | Датум на реализација |
|---|---|---|
| | | |

## ДОЛГОРОЧНО - ГОДИШНО ПЛАНИРАЊЕ

стр.20

| Ред број | Глобални цели | Теми | Време на обработка | Организациони форми на работа | Методи на проучување и учење | Место на реализација | Форма на соработка со родители/ старатели |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Стр. 21

# СРЕДНОРОЧНО - ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ

**НАСЛОВ НА ТЕМАТА:________________________________________________**
**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИИЈА ОД ____________ДО ____________, ___________**

**РАЗГРАНУВАЊЕ НА ТЕМАТА СО АКТИВНОСТИ**
**ПО АСПЕКТИ НА РАЗВОЈ (ДОМЕНИ)**

## Физичко здравје и моторен развој

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
__________________________________________________________

## Социоемоционален развој

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

## Развој на пристап кон учењето

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

**Развој на јазикот, описменување и комуникација**

**Когнитивен развој и стекнување на општи знаења**

Стр. 23

# ЦЕЛИ НА ТЕМАТА ПО АСПЕКТИ НА РАЗВОЈ (ДОМЕНИ)

## Физичко здравје и моторен развој

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________

## Социоемоционален развој

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________

## Развој на пристап кон учењето

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________

## Развој на јазикот, описменување и комуникација

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________

## Когнитивен развој и стекнување на општи знаења

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________

| РЕФЛЕКСИЈА НА РЕАЛИЗИРАНАТА ТЕМА ПО АСПЕКТИ НА РАЗВОЈ (ДОМЕНИ): |
|---|
| |

Страните 21, 22 23 и 24 се повторуваат 10 пати до страна 64

Стр. 65

**КРАТКОРОЧНО ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**
**ДНЕВЕН ОПЕРАТИВЕН ПЛАН**

**ДАТА____________**

| |
|---|
| 1. Стандард/и: |
| 2. Наслов на дневната тема: |
| 3. Цели: |
| 4. Активности : |
| 5. Место на реализација: |
| 6. Материјали и средства за реализација: |
| 7. Користени стратегии за рано учење и подучување: |

**ПОСТИГНУВАЊА НА ДЕЦАТА**

| |
|---|
| Индикатори: |
| Рефлексија |

Стр. 286

## ГОДИШНА АНАЛИЗА НА РЕАЛИЗИРАНИ ТЕМИ

| |
|---|
| 1. Број на планирани и реализирани теми (краток опис) |
| 2. Како реализираните теми се рефлектираат врз развојните постигнувања на децата (краток опис) |
| 3. Посебни постигнувања кај децата во однос на СРУР |
| 4. Опис на остварена соработка со родители |
| 5. Идентификација на следни чекори во планирање на активности за поттикнување на раното учење и прогрес кон исполнување на СРУР |

ЗАБЕЛЕШКИ

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**4039.**

Врз основа на член 8-б став 9 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13 и 42/14), министерот за транспорт и врски донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТ ЗА УЧЕСТВО НА ВОЗАЧИТЕ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ПАТЕН СООБРАЌАЈ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ И НА СЕРТИФИКАТОТ**

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и програмата за полагање на испитот за добивање на сертификат за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај, формата и содржината на уверението за положен испит и на сертификатот („Службен весник на Република Македонија„ број 39/07, 4/08 20/09, 149/09, 38/12 и 88/12) во членот 7 во ставот 1 зборот „трите" се заменува со зборот „петте".

Во ставот 2 бројот „120" се заменува со бројот „90".

Член 2

Во членот 8 во ставот 2 процентот „60%" се заменува со процентот „70%".

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.01-10640/1
21 јули 2014 година
Скопје

Министер за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески,** с.р.

---

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4040.**

Врз основа на член 15 став 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.150/10), во врска со член 45 став 2 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/06), Судскиот Совет на Република Македонија на седницата, одржана на 26.8.2014 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО НА ПРАКТИЧНАТА РАБОТА СО КОМПЈУТЕРИ НА ЛИЦАТА КОИ СЕ ИЗБИРААТ ЗА СУДИИ ИЛИ СУДИИ ПОРОТНИЦИ**

Член 1

Со овој Правилник се уредува нивото на знаењето и проверка на практичната работа со компјутери што треба да го поседуваат лицата кои се избираат за судии или судии поротници.

Член 2

Лицето што се избира за судија или судија поротник треба да е оспособено за практична работа со компјутери и тоа:

1. WINDOWS Оперативен систем
2. MICROSOFT WORD
3. INTERNET EXPLORER (Интернет пребарувач)
4. FIREFOX MOZILA
5. Електронска пошта.

Член 3

Проверка на знаењето на практичната работа со компјутери на лицата што се избираат за судии или судии поротници се врши од страна на Комисија формирана со Одлука на Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија.

Член 4

Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери се состои од три члена, од кои два члена задолжително се инженери по информатика, вработени во Судскиот совет на Република Македонија и во судовите во Република Македонија.

Член 5

Резултатите од извршената проверка на знаењето на практичната работа со компјутери Комисијата ги доставува до Судскиот совет на Република Македонија, за усвојување на седница на Советот.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01–1524/1
26 август 2014 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска**, с.р.

---

**4041.**

Врз основа на член 15 став 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.150/10), во врска со член 45 став 2 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/06) Судскиот Совет на Република Македонија на седницата, одржана на 26.8.2014 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПОТРЕБНИТЕ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРЕГЛЕДИ НА ЛИЦАТА КОИ СЕ ИЗБИРААТ ЗА СУДИИ ИЛИ СУДИИ ПОРОТНИЦИ**

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат потребните видови на здравствените прегледи на лицата кои се избираат за судии или судии поротници.

Член 2

Лицето што се избира за судија или судија поротник треба да е работоспособно и да поседува општа здравствена способност.

Член 3

Лицето што се избира за судија или судија поротник се смета дека е психофизички способно, ако на лекарскиот преглед пред избор за судија или судија поротник се утврди дека не боледува од ниту едно заболување кое има влијание на неговата психофизичка и интелектуална способност, односно директно или индиректно влијание на намалување на општата здравствена способност на тоа лице.

Член 4

Оценката за општата здраствена способност на лицата кои се избираат за судии и судии поротници дава овластена медицинска установа во Република Македонија, на образец пропишан со закон, при што се спроведуваат сите видови на здравствените прегледи неопходни за утврдување на општата здравствена способност на кандидатите за судии или судии поротници.

Член 5

Трошоците за потребните здравствени прегледи ги поднесуваат кандидатите за судии и судии поротници.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01–1525/1
26 август 2014 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска**, с.р.

---

# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**4042.**

Врз основа на член 73 став (4) од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12 и 42/14), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА, ЕВИДЕНЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ, ПРОМЕНА И ПРЕНОС НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ НА АЕРОДРОМ, ОДНОСНО ЛЕТАЛИШТЕ

### 1. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување, промена и пренос на уверението за исполнување на условите за безбедно користење на аеродром или леталиште.

Член 2

(1) Одделни поими употребени во овој правилник го имаат значењето утврдено во ICAO Док. 9774, дел 3 – Прирачник за издавање на уверение на аеродроми (Manual on certification of aerodromes), (во понатамошниот текст: ICAO Док. 9774), кој се прифаќа и директно се применува.

(2) Покрај поимите од став (1) на овој член, се користат и следните поими:

1. Уверение за исполнување на услови за безбедно користење на аеродром, односно леталиште е уверение кое надлежниот орган му го издава на правно лице, со кое се потврдува дека правното лице поседува професионална способност и организациона поставеност која гарантира безбедно користење на аеродромот или леталиштето, и дека аеродромот односно леталиштето со кои оперира правното лице ги исполнуваат условите за безбедно користење (во натамошниот текст: уверение за аеродром, односно леталиште).

2. Сертификација е постапка за издавање, продолжување, обновување, промена и пренос на уверение за аеродром, односно леталиште или за издавање на одобренија и согласности поврзани со безбедно користење на аеродромот, односно леталиштето, која се состои од сертификациона проверка и надзор во која Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: Агенцијата) утврдува дали барателот ги исполнува пропишаните безбедносни услови за користење на аеродром, односно леталиште.

3. Воздухопловна студија е студија која подносителот на барањето за издавање на уверение за аеродром, односно леталиште ја изготвува со цел да изнајде прифатливи решенија со кои нема да се влијае на намалување на безбедноста на воздушниот сообраќај кога се отстапува од одделни прописи, стандарди и препорачани практики од областа на воздухопловството.

4. Маневарски површини се дел од аеродромот или леталиштето наменети за полетување, слетување и движење на воздухоплови.

5. Препрека е секој фиксен или подвижен објект или дел од објект кој се наоѓа во зоната на движење на воздухоплови, над рамнините за ограничување на препреки или во површини кои можат да влијаат на загрозување на безбедноста на воздушниот сообраќај.

6. Рамнини за ограничување на препреки (ОЛС) се збир на рамнини кои го определуваат просторот на и околу аеродромот или леталиштето кој треба да биде без препреки со цел да се овозможи безбедно одвивање на воздушниот сообраќај односно овозможуваат аеродромот или леталиштето да не престане да биде употреблив за својата намена класа или категорија и

7. Систем за управување со безбедноста на аеродромот (СУБА) опфаќа организација, процедури и одговорности со кои операторот на аеродромот воспоставува и одржува прифатливо ниво на безбедност на воздушниот сообраќај при користење на аеродромот.

Член 3

Уверение за аеродром, односно леталиште се издава за аеродроми и леталишта кои се наменети за:

- јавен воздушен превоз на патници или стока со воздухоплови чија максимална тежина при полетување (MTOW) изнесува повеќе од 2730 кг;
- јавен воздушен превоз на патници или стока во ноќни услови;
- обука на персонал во воздухопловството и/или друг стручен персонал и пробни летови и/или
- други активности од областа на воздухопловството кои се однесуваат на вршење превоз за сопствени потреби, специјализирани услуги со воздухоплов и воздухопловно-спортски активности.

**2. Форма и содржина на уверението**

Член 4

(1) Уверението за аеродром, односно леталиште се издава во форма на уверение тип „А“ за воздухопловно пристаниште; уверение тип „Б“ за спортски аеродром и уверение тип „Ц“ за аеродром за сопствени потреби и за леталиште.

(2) Формата и содржината на уверението тип “А” за воздухопловно пристаниште е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(3) Формата и содржината на уверението тип “Б” за спортски аеродром е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

(4) Формата и содржината на уверението тип “Ц” за аеродром за сопствени потреби и за леталиште е дадена во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

**3. Начин на издавање, продолжување, обновување или промена на уверенијата за аеродром, односно леталиште**

Член 5

Доколку не е поинаку определено со овој правилник, издавањето, продолжувањето, обновувањето, промената и преносот на уверението за аеродром или леталиште се врши на начин утврден во ICAO Док. 9774.

Член 6

Издавањето, продолжувањето, обновувањето, промената или преносот на уверението за аеродром, односно леталиште се врши во постапка која ги содржи следните фази:

1. првичен контакт и состанок пред поднесување на барање (во натамошниот текст: првичен состанок);

2. поднесување на барање со придружна документација;

3. утврдување на формални недостатоци на барањето;

4. утврдување на исполнетост на условите, кое опфаќа:

- сертификациона проверка на барањето и потребната документација (Document Evaluation) и

- сертификационен надзор (Initial Inspection) и

5. Издавање, продолжување, обновување, промена или пренос на уверението за аеродром, односно леталиште.

**3.1 Првичен состанок**

Член 7

(1) Барателот со цел одржување на првичен состанок поднесува писмо за намера до Агенцијата.

(2) Агенцијата во рок од седум дена од приемот на писмото за намера писмено го известува барателот за времето и местото на одржување на состанокот од став (1) на овој член и за лицето одговорно за координација на постапката и комуникација со цел:

1. запознавање на барателот со постапката за издавање, продолжување, обновување, промена и пренос на уверението за аеродром, односно леталиште и разрешување на евентуалните нејаснотии во врска со постапката;

2. запознавање со придружната документација која се поднесува кон барањето, вклучувајќи и одредени упатства за пополнување на соодветните обрасци;

3. претставување на раководниот персонал на барателот пред Агенцијата и

4. да се утврди дали намерите на барателот се во рамките утврдени со прописите за безбедно користење на аеродромот, односно леталиштето.

**3.2 Поднесување на барање и потребна документација**

**3.2.1 Поднесување на барање**

Член 8

(1) Барањето за издавање на уверение за аеродром, односно леталиште се поднесува најмалку 60 дена пред планираната дата на отпочнување со користење на аеродромот односно леталиштето.

(2) За продолжување и обновување на важноста на уверението за аеродром, односно леталиште, операторот на аеродромот односно леталиштето (во понатамошниот текст: операторот) поднесува барање за продолжување до Агенцијата најдоцна 30 дена пред истекот на важноста на уверението, односно барање за обновување најдоцна 30 дена по истекот на важноста на уверението за аеродром, односно леталиште.

(3) Доколку операторот не поднесе барање за продолжување, односно обновување на важноста на уверението за аеродром, односно леталиште во роковите од став (2) на овој член, се смета дека уверението е повлечено.

(4) Операторот кој сака да изврши промена на податоците наведени во уверението за аеродром, односно леталиште, или промена во:

а. раководната или сопственичката структура на аеродромот односно леталиштето;

б. намената или начинот на користење на аеродромот односно леталиштето;

в. операторот на аеродромот односно леталиштето и/или

г. границите на аеродромот односно леталиштето,

за истото поднесува писмено барање до Агенцијата најмалку 30 дена пред датата кога се планира да се отпочне со промената.

(5) По исклучок на став (4) на овој член, имателот на уверението за аеродром, односно леталиште кој сака да изврши промена во текстот или податоците на Прирачникот за аеродром кои не се предвидени согласно став (4) на овој член, за истото поднесува писмено барање со потребната документација до Агенцијата најдоцна во рок од десет дена од настанатата промена.

(6) За пренос на уверение за аеродром, односно леталиште новиот операторот поднесува барање за пренос до Агенцијата најдоцна 30 дена пред да му истече уверението за аеродром или леталиште на моменталниот имател на уверението за аеродром, односно леталиште.

(7) За преносот од став (6) на овој член, моменталниот имател на уверението за аеродром, односно леталиште ја известува Агенциајта дека ќе престане да оперира со аеродромот, односно леталиштето најмалку 30 дена пред планираниот престанок со оперирање.

(8) Барањето за издавање, продолжување, обновување, промена и пренос на уверението за аеродром или леталиште е дадено во Прилозите 4 и 5 кои се составен дел на овој правилник.

### 3.2.2 Потребна документација за уверение за аеродром, односно леталиште

Член 9

Кон барањето од член 8 став (1) на овој правилник се поднесува следната документација за исполнетост на пропишаните услови за издавање на уверение за аеродром, односно леталиштето и тоа:

а) за уверение тип „А“:

1. Доказ за уплатена административна такса;

2. Доказ за уплатен надоместок за издавање на уверение за аеродром, односно леталиште согласно Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците на Агенцијата;

3. Прирачник за аеродромот во печатена и електронска форма, кој како минимум треба да ја има содржината дадена во Прилог 6 кој е составен дел на овој правилник;

4. Изјава на одговорното лице на операторот со која потврдува дека подносителот на барањето ги исполнува пропишаните услови и со која се согласува на барање на Агенцијата да достави дополнителни податоци потребни заради утврдување на исполнетоста на условите;

5. Доказ дека следните лица членови на управата на аеродромот имаат најмалку петгодишно искуство во воздушниот сообраќај:

a. Лицето одговорно за организација на сообраќајот на аеродромот;

b. Лицето одговорно за управување со безбедноста на аеродромот;

c. Лицето одговорно за организација и координација на службата за спасување и противпожарна заштита на аеродромот и

d. Лицето одговорно за обезбедување на аеродромот и

6. Воздухопловни студии доколку се отстапува од одделни прописи, стандарди и препорачани практики од областа на воздухопловството, под услов тие да не влијаат на намалување на безбедноста на воздушниот сообраќај. Основните начела за изготвување на воздухопловните студии се дадени во Прилог 7 кој е составен дел на овој правилник.

б) за уверение тип „Б“ и „Ц“:

1. Доказ за уплатена административна такса;

2. Доказ за уплатен надоместок за издавање на уверение за аеродром, односно леталиште согласно Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците на Агенцијата;

3. Прирачник за аеродромот, односно леталиштето во печатена и електронска форма изработени според содржината дадена во Прилог 6 на овој правилник;

4. Изјава на одговорното лице на операторот со која потврдува дека подносителот на барањето ги исполнува пропишаните услови и со која се согласува на барање на Агенцијата да ги достави и сите дополнителни податоци потребни заради утврдување на исполнетоста на условите;

5. Доказ дека лицето одговорно за организација на сообраќајот на аеродромот односно леталиштето има најмалку двегодишно искуство во воздушниот сообраќај и

6. Воздухопловни студии доколку се отстапува од одделни прописи, стандарди и препорачани практики од областа на воздухопловството, под услов тие да не влијаат на намалување на безбедноста на воздушниот сообраќај. Основните начела за изготвување на воздухопловните студии се дадени во Прилог 7 на овој правилник.

Член 10

(1) Прирачникот за аеродром, односно леталиште од член 9 на овој правилник содржи податоци за локацијата на аеродромот, односно леталиштето, објектите, инсталациите, опремата и службите на аеродромот, оперативните процедури, организацијата и раководењето со аеродромот, односно леталиштето, како и системот за управување со безбедноста на аеродромот (СУБА).

(2) Прирачникот од став (1) на овој член се изработува најмалку во три печатени примероци и еден примерок во електронска форма, и тоа за:

а) Агенцијата – по еден примерок во печатена и електронска форма;

б) Седиштето на операторот – еден примерок во печатена форма и

в) Операторот на аеродромот, односно леталиштето - еден примерок во печатена форма.

(3) Податоците во Прирачникот за аеродром, односно леталиште треба да бидат постојано ажурирани за што е потребно операторот да има воспоставен систем за записи на валидноста на страните и измените и да биде организиран на начин кој ќе го олесни неговото подготвување, ажурирање и одобрување.

(4) Операторот на аеродромот треба да обезбеди по еден комплетен примерок или дел од Прирачникот за секој оперативен орган на аеродромот, односно леталиштето соодветно на нивните должности во електронска или во печатена форма.

(5) Прирачникот за аеродромот, односно леталиштето треба да биде секогаш достапен на овластените лица и воздухопловни инспектори од Агенцијата за потреби на проверки или инспекциски надзори кои ги спроведуваат на аеродромот односно леталиштето

### 3.2.3 Потребна документација за продолжување, обновување, промена и пренос на уверение за аеродром, односно леталиште

Член 11

(1) Кон барањето од член 8 став (2) на овој правилник за продолжување, односно обновување на уверението за аеродром, односно леталиште се поднесува:

1. Доказ за уплатени административни такси за продолжување, односно обновување на уверението;

2. Доказ за уплатен надоместок за продолжување/обновување на уверение за аеродром, односно леталиште согласно Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците на Агенцијата и

3. Докази за исполнетост на пропишаните безбедносни услови за продолжување, односно обновување на уверението за аеродром, односно леталиште.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, доказите од точката 3 не се поднесуваат кон барањето доколку со континуираните инспекциски надзори не е утврдена промена или неисполнетост на некој од пропишаните услови за безбедно користење на аеродром, односно леталиште.

(3) Кон барањето од член 8 став (4) на овој правилник за промена на уверението за аеродром, односно леталиште, се поднесува:

1. Доказ за уплатена административна такса;

2. Доказ за уплатен надоместок за промена на уверението за аеродром, односно леталиште согласно Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците на Агенцијата и

3. Доказ за исполнетост на пропишаните услови за промена на уверението за аеродром, односно леталиште согласно член 8 став (4) на овој правилник.

(4) Кон барањето за извршување на пренос на уверението за аеродром, односно леталиште, се поднесува:

1. Доказ за уплатена административна такса;

2. Доказ за уплатен надоместок за промена на уверението за аеродром, односно леталиште согласно Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците на Агенцијата и

3. Докази за исполнетост на пропишаните услови од член 9 на овој правилник од страна на новиот оператор.

Член 12

Документацијата од членовите 9 и 11 на овој правилник се поднесува во оригинал или копија заверена кај нотар.

### 3.3 Утврдување на формални недостатоци

Член 13

По приемот на барањето, Агенцијата утврдува дали постојат формални недостатоци и тоа:

- дали барањето е поднесено во определениот рок;
- дали барањето е поднесено на образецот пропишан со овој правилник и
- дали со барањето е поднесена документацијата од членовите 9 и 11 на овој правилник.

Член 14

(1) Агенцијата во рок од 21 ден од приемот на барањето го известува барателот за тоа дали барањето е потполно или содржи формални недостатоци и му определува рок за отстранување на истите, кој не може да биде подолг од 15 дена.

(2) Рокот од 90 дена за завршување на целокупната постапка утврден во член 20 став (4) на овој правилник започнува да тече од моментот кога барателот ќе ги отстрани формалните недостатоци во рокот од став (1) на овој член.

(3) Доколку барателот не ги отстрани недостатоците во предвидениот рок Агенцијата донесува заклучок за отфрлање на барањето.

### 3.4. Утврдување на исполнетост на условите

Член 15

(1) Доколку се утврди дека барањето е целосно, Агенцијата започнува со утврдување на исполнетоста на пропишаните услови за добивање на уверение за аеродром, односно леталиште и со спроведување на сертификацијата.

(2) Сертификацијата од став (1) на овој член се врши преку сертификациона проверка на барањето и приложената документација (Document Evaluation) и сертификационен надзор (Initial Inspection).

(3) По исклучок од став (1) на овој член сертификацијата при продолжување, односно обновување на уверението за аеродром, односно леталиште може да се изврши без спроведување на сертификационен надзор (Initial Inspection) доколку со континуираните инспекциски надзори не е утврдена неисполнетост на некој од пропишаните услови за безбедно користење на аеродром, односно леталиште.

(4) Агенцијата и барателот ги усогласуваат термините и динамиката на проверките од став (2) на овој член, пред нивното започнување.

(5) Агенцијата изготвува внатрешна процедура со која ја пропишува својата внатрешна организација на работата при сертификацијата и чек листи за извршување на сертификационата проверка и надзор од став (2) на овој член.

### 3.4.1 Сертификациона проверка на барањето и приложената документација (Document Evaluation)

Член 16

(1) Сертификационата проверка на барањето и приложената документација (Document Evaluation) има за цел откривање на недостатоците, пропустите и критичните ситуации во исполнетоста на пропишаните услови и извршувањето на предложените услуги на аеродромот односно леталиштето кои можат да влијаат на безбедноста на користењето на аеродромот односно леталиштето.

(2) Во текот на проверката од став (1) на овој член претставниците на Агенцијата ги користат претходно изготвените чек листи пропишани со внатрешната процедура од член 14 став (5) на овој правилник и усно им ги соопштуваат на претставниците на барателот прелиминарните резултати.

(3) Во текот на проверката од став (1) на овој член на барателот му се дава можност во одреден период да ги отстрани евентуалните недостатоци во поднесената документација и/или да подготви алтернативни решенија пред започнување на сертификациониот надзор (Initial Inspection).

(4) Доколку барателот не ги отстрани недостатоците во предвидениот рок или не предложи прифатливи алтернативни решенија, Агенцијата донесува заклучок за отфрлање на барањето.

**3.4.2 Сертификационен надзор(Initial Inspection)**

Член 17

(1) Сертификациониот надзор (Initial Inspection) има за цел преку увид во состојбата на објектите, инсталациите, опремата, средствата и аеродромските служби да утврди дали барателот ги исполнува пропишаните услови за безбедно користење на аеродромот, односно леталиштето и дека истиот може да го задоволи бараното ниво на безбедност.

(2) Сертификациониот надзор од став (1) на овој член опфаќа, но не се ограничува на преглед особено на:

а) Димензии и состојба на полетно-слетната патека, патеките за возење и платформите со нивните заштитни појаси и основната патека,

б) Постоење на препреки во близина и во рамките на рамнините за ограничување на препреки,

в) Визуелни знаци,

г) Опрема за одржување на инфраструктурата во контролираната зона (air side) а посебно опремата за одржување во зимски услови и опремата за мерење на коефициентот на кочење на маневарските површини,

д) Основно и резервно снабдување со електрична енергија,

ѓ) Покажувачи на правецот и јачината на ветер,

е) Опрема и средства за спасување и гаснење на пожари,

ж) Опрема за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта,

з) Објекти, опрема и средства за снабдување на гориво и мазиво,

ѕ) Опрема и средства за отстранување на онеспособени воздухоплови,

и) Објекти и опрема за работа на итна медицинска служба,

ј) Објекти, опрема и средства за контрола и пристап на лица и возила во безбедносно ограничената зона и други мерки за обезбедување од дејствија на незаконско постапување,

к) Опрема и средства за заштита од птици и животни,

л) Опременост со доволен број на двосмерни радиостаници за меѓусебна комуникација на службите и комуникација со контролата на летање и

љ) Постоење на светла кои можат да влијаат на безбедноста на воздушниот сообраќај.

(3) Сертификациониот надзор (Initial Inspection) се извршува во согласност со прописите за вршење на надзор на аеродроми, леталишта, терени и на давањето на аеродромски услуги.

(4) Во текот на сертификациониот надзор од став (1) на овој член, претставниците на Агенцијата ги користат претходно изготвените чек листи пропишани со внатрешната процедура од член 15 став (5) на овој правилник и усно им ги соопштуваат на претставниците на барателот прелиминарните резултати.

(5) Во текот на сертификациониот надзор од став (1) на овој член, а во случај кога постои отстапување од пропишаните стандарди и препорачани практики, Агенцијата може да побара од барателот изработка на дополнителни воздухопловни студии и проценка на безбедноста покрај воздухопловните студии кои се поднесени согласно член 9 на овој правилник.

Член 18

(1) Барателот треба да го овозможи сертификациониот надзор (Initial Inspection), да и ја даде неопходната техничка помош на Агенцијата, да ги организира посетите на локациите, како и да определи лице кое ќе биде овластено да ја поддржува работата на Агенцијата.

(2) Лицето за поддршка овластено од барателот треба да овозможи:

- преглед на односните досиеја, податоци, процедури и друг материјал во врска со предметот на постапката;

- копирање или земање на извадоци од односните досиеја, податоци, процедури и друг материјал;

- добивање на бараните објаснувања;

- пристап до објектите, инсталациите, опремата и другите средства на барателот, односно имателот на уверението и

- други активности со цел овозможување на сертификацијата.

Член 19

(1) Во рок од 15 дена од завршувањето на сертификациониот надзор (Initial Inspection), Агенцијата изготвува писмен извештај во кој се констатира фактичката состојба, се утврдуваат евентуалните неусогласености, пропусти и критични ситуации во исполнетоста на пропишаните услови и истите детално се опишуваат и документираат.

(2) Извештајот од став (1) на овој член Агенцијата го доставува до подносителот на барањето.

(3) Агенцијата во рок од 15 дена од доставување на извештајот од став (1) на овој член ќе побара од барателот да предложи сопствен корективен акционен план за превземање мерки за отстранување на евентуалните недостатоци, пропусти и критични ситуации во исполнетоста на условите за користење на аеродром, односно леталиште како и рок за нивно преземање.

(4) Агенцијата ќе го одобри корективниот акционен план од став (3) на овој член и рокот за нивно преземање доколку оцени дека истиот е доволен за отстранување на евентуалните недостатоци, пропусти и критични ситуации во исполнетоста на условите за безбедно користење на аеродром, односно леталиште.

(5) Барателот треба да ги преземе мерките на начин и во временски рок одобрени од Агенцијата.

(6) За преземените мерки од став (5) на овој член, Агенцијата составува извештај, а една копија доставува до барателот.

**3.5 Издавање, продолжување, обновување, промена или пренос на уверението за аеродром, односно леталиште**

Член 20

(1) Доколку подносителот на барањето ги преземе мерките на начин и во рок согласно член 18 на овој правилник, Агенцијата донесува решение за издавање, продолжување, обновување, промена или пренос кое заедно со уверението за аеродром, односно леталиште ги доставува на барателот, откако ќе поднесе доказ за платен надоместок за континуиран надзор согласно Та-

рифникот за утврдување на висината на надоместоците на Агенцијата за периодот за кој е издадено, продолжено, обновено или пренесено уверението.

(2) Уверението од став (1) на овој член се издава со важност од две години, по што се продолжува или обновува со рокови не подолги од две години.

(3) Доколку Агенцијата оцени дека не се исполнети пропишаните услови за безбедно користење на аеродром, односно леталиште, донесува решение за одбивање на барањето за издавање, продолжување, обновување, промена или пренос на уверението за аеродром, односно леталиште кое ги содржи причините за истото.

(4) Целокупната постапка пред Агенцијата од поднесување на барањето со комплетна документација до донесување на решение за издавање, продолжување, обновување, промена или пренос на уверението за аеродром, односно леталиште не треба да трае повеќе од 90 дена.

Член 21

(1) Со цел појаснување на условите под кои е издадено уверението за аеродром, односно леталиште од член 20 став (1) на овој правилник, Агенцијата кон уверението издава спецификација на услови за користење на аеродромот односно леталиштето.

(2) Спецификацијата на условите од став (1) на овој член се состои од стандардни и дополнителни услови и услови од кои операторот на аеродромот односно леталиштето може да отстапува (е изземен) при користењето на аеродромот, односно леталиштето.

(3) Изземањето од став (2) на овој член не треба да влијае на безбедноста на воздушниот сообраќај на аеродромот, односно леталиштето.

(4) Спецификацијата на условите од став (1) на овој член се издава на образец даден во Прилозите 8 и 9 кои се составен дел на овој правилник.

**Привремено уверение за аеродром, односно леталиште**

Член 22

(1) За време на траење на постапката за издавање, продолжување, обновување, промена и пренос на уверението за аеродром, односно леталиште, на предлог на барателот, Агенцијата може, согласно ICAO Док. 9774, да издаде привремено уверение за аеродром, односно леталиште доколку издавањето на уверението не влијае на безбедноста на воздушниот сообраќај на аеродромот, односно леталиштето и издавањето на привременото уверение е од јавен интерес.

(2) Со издавање на привременото уверение за аеродром, односно леталиште од став (1) на овој член се издава и спецификација на услови согласно член 21 став (1) на овој правилник.

(3) Привременото уверение се издава со важност до завршување на постапката за издавање, продолжување, обновување, промена и пренос на уверението, но не подолго од шест месеци.

(4) Привременото уверение се издава на образецот за уверение за аеродром, односно леталиште со дописување на зборот "ПРИВРЕМЕНО" пред зборот "УВЕРЕНИЕ".

**Објавување на податоци за аеродромот**

Член 23

(1) Операторот на аеродромот односно леталиштето треба во рок од 15 дена по добивањето на уверението за аеродром, односно леталиште да ги достави податоците за аеродромот односно леталиштето до давателот на услуги на воздухопловна навигација за нивно објавување во Зборникот на воздухопловни информации.

(2) Објавувањето на податоците во Зборникот на воздухопловни информации се врши за воздухопловни пристаништа и аеродроми и леталишта кои се наменети за јавен воздушен превоз.

**4. Евиденција**

Член 24

(1) За издадените уверенија за аеродром, односно леталиште и документацијата приложена кон барањата за издавање, продолжување, обновување, промена или пренос на истите, Агенцијата води евиденција во регистар.

(2) Регистарот од став (1) на овој член содржи податоци за аеродромот односно леталиштето, операторот на кој му е издадено уверението и контакт броеви и адреси на одговорните лица (Post Holder) во операторот, географски координати на аеродромот или леталиштето, број, датум и важење на издаденото уверение.

(3) Бројот на издаденото уверение за аеродром, односно леталиште се определува на следниот начин:

а) за воздухопловни пристаништа почнувајќи од ВП-01;

б) за спортски аеродроми почнувајќи од СпА-01;

в) за аеродроми за сопствени потреби почнувајќи од АСП-01 и

г) за леталишта почнувајќи од Ле-01.

**5. Преодни и завршни одредби**

Член 25

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување, промена и пренос на уверението за исполнување на условите за безбедно користење на аеродроми или леталиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/07 и 126/10).

Член 26

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
